УНИВЕРЗИТЕТ “Св. Кирил и Методиј”

Филозовски факултет -Скопје

Институт за педагогија

Последипломски студии по

Менаџмент во образование

# Менаџирање на наставниот процес со примена на интернет

Ментор:

Проф. д-р. Трајан Гоцевски

Кандидат:

Билјана Јовановска

Скопје, 2016 година

# Содржина

Вовед........................................................................................................................ 3

I. Теоретски пристап кон проблемот на истражување.................................. 9

1.Совpмено образование во Р. М. ................................................................ 10

2.Современ менаџмен избор или потреба? ................................................14

3.Потребата од современ менаџмент во образованието............................18

4.Современи менаџер во современо образование.....................................21

4.1.Способности кои му се потребни на менаџерот во образовниот систем......................................................................................................24

4.2 Одговорноста на менаџерот....................................................................30

4.3 Функции на современ менаџер................................................................33

4.4.Кариерата и развојот и на вработените и современиот менаџмен.....37

5.Модернизација и воведување на современата образовна технологија..........................................................................................................39

6.Суштината и класификацијата на современата образовна технологија..........................................................................................................41

7. Универзален наставен медиум во образованието..................................45

- Примена на интернетот во наставата........................................46
- WWW- Word Wide Web...............................................................49
- E-mail- Електронска пошта.........................................................50
- Интерактивно комуницирање....................................................50
- Интернет образование на далечина..........................................50

8.Предности и недостатоци од воведувањето на ИКТ во образованието............ 53

**II. Методологија на истражување........................................................................ 58**

II.1. Предмет на истражување........................................................................ 58

II.2. Цел и карактер на истражувањето................................................................ 60

II.3. Задачи на истражувањето........................................................................ 61

II.4. Хипотези ........................................................................................ 62

II.5. Варијабли на истражувањето...................................................................... 63

II.6. Методи, техники и инструменти на истражувањето................................................ 63

II.7. Популација и примерок........................................................................... 65

II.8. Обработка на податоците......................................................................... 66

II.9. Организација и тек на истражувањето............................................................. 66

**III Анализа и интерпетација на резултатите од истражувањето.................. 67**

**IV Заклучок...................................................................................... 103**

**Користена литература**.......................................................................... 105

**Прилози**........................................................................................ 107

# ВОВЕД

***Ако сакате да заработите за една година - посејте жито,***
***Ако сакате да заработите за осум години - посадете обошки,***
***Ако сакате да имате богаство инвестирајте во знаење!***
***Стара кинеска поговорка***

Периодот во кој што живееме го карактеризираат длабоки промени и радикални општествено - економски трансформации кои го означуваат преминот од индустриска во постиндустриска ера. Овие промени преставуваат голем предизвик за сите сегменти на општеството, а посебно за образовниот систем. Тие влијаат врз развојот на образованието и човечките ресурси што подразбира длабока меѓузависност на нивниот, општествено - економскиот развој. Од сето тоа произлегува дека, и образовните институции не смеат да останат недопрени од промените и мора да се приспособат кон пазарните услови на работење, бидејќи ,,образованието и промените во образованието се ,,вечни,, теми во секое општество и во секое време,,[1]. Но тоа секако не може да се оствари без промени во работењето на таквите институции, кое, од друга страна, пак, бара и воведување на современ и квалитетен менаџмент, како и воведување на современа образовна технологија како најважени услови за остварување на ново поставените цели.

Сето тоа бара нова организациска поставеност на училиштата и нова современа технологија, а со тоа неминовно е и нивните директори да добијат нова улога и наместо досегашната функција како педагошки раководител и администратор, директорот на училиштето добива и поголема општествена одговорност како менаџер кој ги креира, промовира, реализира и евалвира промените во училиштето.

---

1. Спасовски, Л. ***Општествено - економски промени и потребата од промените во образованието, Образовни рефлексии,*** (1-2/2003) Скопје : Биро за развој на образованието

Сега се наменуваат прашањата Што се случува денес кај нас? До кај сме ние? Кака е состојбата кај нас? Одговор на сите овие прашања е во сложената ситуација, исто колку што е сложен целиот воспитно-образовен систем. Имено сеуште имаме ефективен и ефекасен воспитно-образовен систем и докажани наши кадри низ најпрестижните компании не само во Европа, туку и низ целиот свет. Меѓутоа новиот 21 век, новото време и новиот начин на работење бараат директори- менаџери со нови компентенции. Воведување на современ менаџмен кој ќе има познавање на странски јазици, познавање, воведување и применување на современата образовна технологија и сл. преставува голем процес. Затоа со право можеме да заклучиме дека модерниот начин на живот ја уништува традиционалната настава во образованието, а ја воведува современата настава во современиот образовен систем. Денес моќта на една нација е во знаењето и во квалитетот на образованието.

Секако дека овој процес кај нас на воведување современ менаџмен во областа на воспитанието, на образованието, на научноистражувачката и на едукативната дејност, не е ниту едноставно ниту лесно.

Клучниот фактор за успешното работење на училиштето е директорот и затоа од огромен интерес е училиштата да ги водат оспособени и стручни менаџери. Затоа развојот на менаџментот во училиштата не е само тренд, туку вистинска потреба на самите училишта. Новото време бара училишта од нов тип, а таквите училишта бараат директори од нов тип односно директори-менаџери. Тоа бара вистински лидери во своите средини, способни да ја реализираат мисијата на училиштето и кои имаат визија за негов развој. Да знаат да изготват план за развој на училиштето, а потоа како добри организатори истиот да го реализираат. Затоа треба да бидат успешни комуникатори и добри мотиватори, способни да се справат со сите предизвици, да се снајдат во непознати и проблем ситуации, да донесат и спроведат одлуки при решавањето на проблеми. Посебно е важно менаџерите да умеат да создадат тим и клима на високи очекувања, за успешно спроведување на поставените цели. Притоа давајќи им пример со напорно и разумно работење, покажувајќи им респект на сите членови од тимот, со што би им покажал како сака тие да се однесуваат кон него. Исовремено менаџерите постојано барат одговорност од тимот за да можат целосно да ја искористат енергијата и креативста на секој поединец во тимот. Акцентот кај менаџерското работење

секогаш е поставено на изразеното чуство на битност и ургетност, за да се остварат потешките задачи. Клучен акцент на современото образование во Р. Македонија односно на современото менаџирање треба да се стави на одговорноста на менаџерите која како категорија одсекогаш зависела од сложеноста на работните функции кои ги изршувал определен изршител.

Менаџерите имаат огрома одговорност или уште е познато како работен морал во нивното работење во повеќе сегменти и тоа: планирање, управување, градење стратегија за развој, создавање на поволна клима и мотивирање. Меѓутоа покрај општествената одговорност се повеќе и поважно станува и етичката одговорност. Во зависност од својата одговорност, за да ја врши успешно својата одговорна работа менаџерот во себе ги поседува и следните функции: планирање, организирање, раководење, одлучување, мотивирање, насочување, кординирање, комуницирање, преставување и креирање без кои не може да се замисли современиот воспитно - образовниот и едукативниот систем. Многубројните, разновидните и интезивните активности сврзани со менаџерските функции всушност се описот на работните задачи што би ги имал современиот менаџер во образованието, во научноистражувачката и во едукативната дејност. Своите знаења кои што ги поседуваат мора да бидат комбинирани со способностите на менаџерите кои што според литературата се поделени во неколку групи, и тоа: техничка, човечка, концепциска, аналитичка и одлучувачка спoccобност. Клучен фактор за успешно современо менаџирање е во успешноста на манаџерите која е поврзана со две основни работи и тоа: личниот успех и успехот на образовната, на научно - истражувачката или на едукативната дејност која ја раководи. Како еден од најзначајните фактори кој влијае за успшно современо менаџерство е секако и опкружувањето или уште се нарекува неизвесност.

Опкружувањето се всушност сите институции и тоа: правната регулатива, социјалната средина, културната средина, конкуренцијата, ресурсите, технологијата и сл. Опкружувањето зависи од степенот на промените и степенот на комплексност, но исто така зависи и од физичкото опкружување и менталното опкружување. Опкружувањето дирекно влијае врз ефективниот директор и тој секогаш наоѓа време за разговор со вработените и слушање на нивните грижи и идеи. Впрочем и овие

иновации за кој што ќе говорам во текот на целиот магистерски труд се предизвикани од самите промени кои се наоѓаат во опкружувањето.

,,Денес, непобитен е заклучокот дека секоја современа држава може да опстане и успешно да се носи со светските трендови на сите полиња, само ако успее да ги совлада современите научни и технолошки достигнувања и нив да ги стави во функција на развиток,,[2].

Р. Македонија за да може успешно да опстане во своето опкружување и да се носи со сите светски трендови на сите полиња од секојдневното живеење и работење, а посебно во полето на современото образозание, потребно е еден многу битен сегмент, а тоа е токму процесот на едукација на современиот менаџер.

Процесот на едукација на менаџерот преставува стекнување на знаења, вештини и способности (образовната компонента) како и стекнување животни и работни искуства, формирање ставови, развивање критички однос кон работата, (воспитната компонента). Исто така менаџерите треба да овозможат едукација, обука и развој на вработените, односно треба да потикнуваат стручно оспособување и усовршување на наставиците. Секако треба и да организираат менторство на нововработените наставници за да можат соодветно да одговорат на сите предизвици во новиот воспитно-образовен, научно-истражувачки и едукативен систем. Тоа би значело дека развојот за стручно оспособување и усовршување, обуките и менторството со еден збор едукацијата треба да е тековна и постојана, односно да се одвива во континуитет. Само со процесот на едукација менаџерите и вработените можат да бидат подготвени будно и да ги дочекат потребните промени од современата модернизација на целиот образовен систем.

---

2. Петковски, К., Терзиоска В. (2013), ***Менаџирање со човечки ресурси во училиштата,*** Битола: Херакли комерц

Воведувањето на модернизацијата во образованието преку воведувањето на современата образовна технолигија преставува потреба исто како и современиот менаџмет. Потребата од современиот менаџмент и модернизацијата на сите образовни подсистеми ги диктира забрзаниот развој како на науката, така и на технологијата. Постојат бројни и разновидни современи наставни медиуми кои со забрзаниот развој на науката и технологијата се повеќе се диференцираат, комбинираат и усовршуваат, според различни критериуми и карактеристики. Современите наставни медиуми уште се именуваат и како дидактички медиуми бидејќи се јавуваат како посредници помеѓу оние кои се во интеракција при пренесување на информациите во наставниот процес. Меѓутоа техничките средства како што се училиштата табла, телевизорот, микроскопот, компјутерот сами по себе не се дидактички медиуми, тие тоа стануваат тогаш кога почнуваат да остваруваат дидактичка функција. Имено современата образовна технологија која се употребува во воспитно-образовниот процес се нарекува и наставен медиум.

,,Најчестата, но и најлогичната е класификација што се прави според критериумот кои осети се активираат при користењето на медиумите. Според овој критериум, наставните медиуми се делат на: визуелни, аудитивни и аудиовизуелни,,[3].

1. Визуелните наставни медуми

Најголем број од впечатоците од реалноста ги примаме преку сетилото за вид. Со оглед на дидактичката намена визуелните наставни медуми може да бидат: статични и динамични. Визуелните наставни медуми не само што ја подобруваат очигледоста на наставата туку и го прават часот поинтересен , а учениците се повеќе заинтерсирани за градивото во наставата. Во група на визуелни наставни медуми се вбројуваат: сликовници, наставни листови, книги, слики, цртежи и т.н.

3, Стојановска В. (2012), ***Наставни медиуми,*** Скопје: Соларис принт,

2. Аудитивни наставни медуми

Преку аудитивните наставни медуми се упатуваат сите пораки кои се примаат преку сетилото за слух. Во групата на аудитивни медуми спаѓаат: CD или DVD записи, USB медумnзаписи, телефоните, радиоемисиите и т. н

3. Аудиовизуелни наставни медуми

Додека пак преку аудиовизуелни наставни медуми информациите се пренесуваат и со сетилото за вид и со сетилото за слух. Во групата на аудиовизуелни наставни медуми спаѓаат: телевизиски емисии, звучни наставни филмови, DVD и USB медуми и сл. Во педагошката литература се сретнуваат и под терминот АВ- наставни медуми.

4. Компјутерите, лабараториите за јазици и интернетот преставуваат посебна група на наставни медиуми и некој научници ги нарекуваат кибернетска техника без која денес не може да се замисли ниту еден поминат час.

Воведувањето на компјутерите во наставата и поврзувањето на интернетот во современиот образовен процес не ѓи задоволува само основните вредности, туку и вредностите на пошироко, понавремено и пообјективно пронаоѓање на податоци односно комуницирање. Компјутерот е средство за брза и прецизна обработка на податоците, но и за совладување и пренос на огромен број на инфомации. Тој може успешно да се користи во сите фази од наставниот час: во обработката, утврдувањето и повторувањето на градивото. Со помош на компјутер наставата се индивидуализира со што се остварува еден од најважните барања на современата дидактика. Со користење на компјутерот наставникот во секој момент е информиран за знаењето на секој ученик.

Ефикасноста на наставата и целиот образовен процес значително се зголемува со користењето на интернетот, кој обозвожува, брзо и прецизно стекнување на знаења од различни области. Наставата со интернетот станува поочигледна и поубедлива бидејќи може да се спојат пишаниот текст, сликите во боја, скиците, звукот и т.н. Во поново време модерните компјутери имаат сестрана примена во образованието, практично во сите сегменти на воспитно-образовниот процес. Во потесна примена на

компјутерите во образованието е нивната примена во наставата и учењето (англ. computer-assistted instruction, computer-based instruction). За успешно реализирање на модернизацијата во образованието преку воведување на современата образовна технолигија, потребно е пернаманентно усовршување не само на менаџерите туку и на целиот образовен кадар, како и пернаманентно одржување на образовната технологија. Но од друга страна, пак, одржувањето на современата образовната технологија преставува доста тешка и напорна работа, соoглед на тоа што се нема традиција, кадри и сл.

Модернизацијата на воспитно-образовната, научно-истражувачката и едукативната дејност, како и воведувањето на современиот менаџмент во целиот образовен систем се многу значајни фактори за развој на секоја индивидуа, а со тоа за развој и на квалитетното образование. Квалитетот на образованието е еден од најважните приоритети на членките на Европската Унија.

Осовременувањето на целиот образовен систем и крупните општествени промени кои настануваат во нашата земја во последните години всушност потекнуваше од големата желба и Р.Македонија да стане членка во големото семејство на Европската Унија.

Сето ова, претходно истакнато, има огромно значење во овој магистерски труд, заради тоа што, преставува една претходница за подетално разгледување на поимот менаџирање на наставниот процес, но и за постоењето на современата образовна технологија во образованието. Меѓутоа исто така ќе стане збор и за примената на интернетот во наставата и улогата на менаџерите со новите наставни медиуми односно со модерните наставни сресгва.

# I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## Современо образование во Р. Македонија

Процесот на глобализација има силно влијание врз образовниот систем. Земјите кои подготвени влегоа навремено го приспособија својот образовен систем од оваа беспоштедна конкуренција, додека пак кај земјите во транзиција овие промени се случуваат многу побавно. Во Р. Македонија, процесите на транзиција кон пазарното општество се одвиваат според динамиката и опфатот кои ги диктираат низа објективни и субјективни фактори. Општ е заклучокот процесите на транзиција кои, по обем, динамика и структура што се одвиваат во нашата земја, во ништо не заостануваат зад оние што се одвиваат во останатите источно европски држави. ,,На почетокот, децентализацијата на образованието во Македонија се доживуваше како политички императив, но со текот на времето се покажа дека таа придонесува за,,:[4]

- зајакнување на одговорноста за образованието,
- подигнување на квалитетот на образовните услуги и
- ефикасно користење на ресурсите во образованието.

Инаку до, 1990 година во Р. Македонија, како дел од поранешната држава образованието со сите степени (предучилишно образование, основно образование, средно образование и високо образование) беше во надлежност на локалната самоуправа.

4, Мирасчиева, С. (2007), ***Комуникацита меѓу наставникот и ученикот во основното училиште,*** Педагошки факултет ,,Гоце Делчев" , Штип

Од 1991 година па се до денес направени се крупни промени во најголем дел од надлежностите вклучително и во образованието, кои беа преземани од централната власт. Р. Македонија секојдневно работи и се залага да стане дел од светот на Европската Унија, а тој свет во кој што денес Европејците живеат е свет базиран на знаење, на новите базични вештини (работа на компјутер, странски јазици, технолошка култура, препприемништво) и социјалните вештини. Светот на Европејците денес не преставува општество што учи, туку општество на знаење. Националниот и меѓународниот успех на нашата земја е дирекно детерминиран од егзистирање на високите стандарди во современата образовна, научноистраживачка и едукативна дејност. Поголемо инвестирање во човечките ресурси, иновации во наставата и учењето, развивање ефективни методи за учење како и воведување и користење на современите наставни медиуми е клучот за успех на современото образование во нашата земја. Дипломите, клалификафиите и сертификатите преставуваат многу значајна референца како за поединиците, така и за самата образовна организација. Унапредувањето на квалитетот на воспитно - образовниот процес треба да биде врвен приоритет на нашата држава. Денес повеќе од било кога е неопходно присуство на современ менаџер, успешен водач или како што најмногу е познат современ директор во современиот образовен процес. Тој преставува важен фактор во образованието, ако се има во предвид фактот дека во денешно време во образовната сфера се наметнати трендовите како „ефективно училиште", „промени и иновации", „ унапредување на работата на училиштето" и сл. Високите стандарди на 21 век, во образованието ќе придонесат за развој на слободата на умот, знаењето, иновациите и креативноста како темели на општеството. Доколу сакаме да имаме современо образование кое одговара на стандардите на 21 век, век на информатиката, масовната комуникација и компјутеризацијата, мораме да ги менуваме начините, методите и срествата со помош на кои ќе ја реализираме современата настава и учењето. Неопходен е современ менаџмент кој, во оваа дејност, ќе ги воведе современите форми на управување и раководење во училиштата. Впрочем потребни се современи училишта штудпоучуваат, тогаш наставниците се во чекор со стандардите што ги наметнува денешната професија наставник, тој се стекнува со знаења од областа на образовната технологија, за да може правилно да ги користи современите

образовни средства како наставни средства во наставниот процес. Денес е незамисливо современо училиште без сите видови на современи наставни средства, но посебно без компјутер, односно без интернет. Постојат различни теории за интернет, различни можности за што служи тој и секако различна примена, но интернетот преставува вистинска ризница на информации од различни области чии обем секојдневно се зголемува. Тој преставува често посетено место, каде користиците (учениците, наставниците, менаџерите, научниците и т.н) наоѓаат потребни информации (текстуални, визуелни и аудитивни информации), се образуваат, разговараат, дискутираат и сл, или едноставно секогаш доаѓаат до сигурни извори на знаења од различни збирки на библиотеки, анимации или слики. Никогаш не било толку едноставно да се дојде до потребните информации како денес со помош на интернетот. Со неколку кликнувања со глувчето и испишувањето на неколку збора на тастатурата можеме да најдеме се што не интересира. Информациите кои се пласирани на интернет можат да се користат во било кое време од денот или ноќта. Пласираните инфомации мошне секогаш се точни затоа треба секогаш пред да ја иксористиме да ја провериме. Користењето на интернетот во наставата преставува еден сегмент, на воспитно-образовниот процес и секогаш преставува тема која предизвикува интерес за дискусија и кај наставниците и кај менаџерите, но и кај научниците. Со интернетот го имаме светот на дланка. Идејата компјутерите односно интернетот да се користат за учење и за потребите на образованието не е нова. Речиси повеќе од половина век се проучуваат можностите и начинот на нивната примена во процесот на учењето и наставата. „Примената на интернетот во наставата најнапред имала повеќе ограничувања и слабости, но со текот на времето и развојот на компјутерите, како и со се поголемата компјутерска писменост, истите се намалуваат,,[5]. Современото училиште денес се дефинира како организација која учи и поради тоа треба да се осигура дека учи од искуство, дека има наставен кадар кој е подготвен за доживотно учење. Бидејќи иднината на младата популација вклучена во

5, Стојановска В. (2012), ***Наставни медиуми,*** Скопје: Соларис принт

процесот на образованието зависи од тоа колку ќе стекнат знаења и колку истите ќе успеат да ги пренесат и применат токму во овој 21 век во кој што живееме. Значи во современите услови на работење не се поставува прашањето дали на воспитно-образовната, научно-истражувачката и едукативната дејност им е потребна современата технологија, современиот менаџмент или со еден збор современото образование, туку како тој најбрзо да се имплеменира и да почне да фукнционира. Следењето на погоре спомнатите промени и збиднувања нужно ја наметнуваат потребата од присуството на современата технологија и нејзино толкување, без кој не може да се замисли постоењето на секојдневниот ритам на живот и животот го прави поинтелегентен, побезбеден и секако позабавен. Во овој контекст, можеме со право да посочиме дека примарното место на современото образование во Р. Македонија завзема изградување на стандарди за управување со квалитетот во образованието, а потоа и нивна имплементација, почитување и примена во секојдневната практична работа на секој учесник во образовниот процес.

## Современ менаџмент - избор или потреба?

Брзиот техничко-технолошки напредок наметна ново време, нови погледи, нови стандарди, но се разбира и многу предизвици, дилеми и очекувања. Во нашата практика познато е дека наставничката професија како една од најстарите професии се развила низ истојирата, станувала посовремена, поорганизирана и за нејзино реализирање секогаш се барале образовни и одговорни наставници.

Додека пак на менаџментот како посебна дициплина бил предмет на учење во 20 век , сепак зачетоците за учењето на менаџменто се уште пред 1880.

Сите овие периоди се карактеризирани со посебни автори, функции, принципи и.тн. Создадени се многу школи, направени се многу истражувања и испишани се многу дефиниции за менаџментот.

Се додека менаџментот не е сфатен како современ процес. ,,Секако и современиот менаџмен во себе содржи повеќе значења и можеме да го групираме во неколку групи и тоа: ,,[6]

- современиот менаџмент подразбира широко подрачје на активности насочени кон остварување на однапред поставените цели;
- современиот менаџмент ги поставува нивоата на авторитети во рамките на претпријатието и ги определува нивоата на менаџментот на врвен, среден и менаџмент на ниско ниво;
- современиот менаџмент го означува функционалниот приод кој ги содржи: планирањето, организацијата, кординацијата, мотивацијата и контролата;
- современиот менаџмент ги опфаќа: вработените, материјалите, купувањето, продавањето, методите, постапките, срествата, опремата, парите и сл.

---

6, Гоцевски, Т. (2010), ***Образовен менаџмент,*** Куманово: Македонска ризница

Од сето ова прозлегува дека и современиот менаџмент многупати од многумина автори е дефиниран, но не смее да се заборави дека менаџментот е професија и бара да биде извршена од професионалци.

Менаџментот станува подеднакво прифатен од сите генерации, но особено е поприманлива за помладите генерации, кои имаат префинет вкус. Современиот менаџментот треба да се препознае и да се карактеризира со знаењето на менаџмент, способност и вештина за управување и раководење во услови на пазарна економија. Затоа денес со право се наметнува и потребата од образување и оспособување на соодветни стручни менаџерски кадри кои ќе го понесат ризикот за успешно работење на образовните институции, доквалификациите и едукацијата.

Менаџерите треба да создадат благопријатна атмосфера со своите активности, кој ќе ги охрабрува и ќе ги мотивира вработените да се ангажираат во остварувањето на поставените цели. Во целокупната менаџерска работа слободно може да се каже дека создавање на визијата е многу значајна, но и потикнувањето на луѓето да ја направат таа визија реалност. Визијата може да биде реалност само ако имаме реално вистински менџери, кој ќе одговарат на сите потреби на училиштата.

Отука визуелно се поставува прашањето дали современиот менаџмент е избор или потреба? Всушност современиот начин на живот со себе носи една огромна и одговорна задача на современиот менаџмент, а тоа е, не само да преземе иницијативи за промени во образованието туку и да биде првиот реализатор на тие промени. Оваа одговорна задача мора да се сфати како професионална одговорност пред идните генерации. Професионалата одговорност воопшто не е едноставна работа, бидејќи се соочуваме со разни принципи и перцепирања, ставови и убедувања, различна професионална и лична сатисфакција и различни способности и модели на воспитно-образовното и едукативното работење. Изборот и потребата се две основни категории меѓу кои мора да се фокусира современиот менаџмент. Примарниот избор е да се дојде до нови достигнувања кои би одговарале на потребите од денешницата. Тоа значи дека денес е неопходно од било кога да се воведе современ менаџмент во сите училишта, без ралика дали станува збор за училишта во гратски или рурални средини, за помали или поголеми училишта и сл. Описот на работните задачи што би ги имал

современиот менаџмент во образовниот систем се состои од многубројни, разновидни и интезивни активности сврзани со планирањето, управувањето, кординацијата мотивирањето и контролата во тие институции. Сепак, ако се направи напор за систематизација на активностите на еден менаџер, тој во основа ги извршува следните активности:

- врши контрола на работата
- дава насоки и упаства на соработниците и на вработените,
- зборува и се консултира со соработниците и со вработените за различни прашања сврзани со работата (настава, наука, истражување, образовна технологија, практична настава и сл.),
- чита извештаи, писма и други акти сврзани со дејноста на институцијата,
- определува награди и признанија за извршената работа,
- презема конкретни акции по разни проблеми,
- ја стимулира инвестивноста и креативноста во работата,
- донесува одлуки за нови проекти и нови дејности,
- ги формулира целите кои треба да се реализираат,
- склучува разни договори,
- присуствува на состаноци,
- ангажира соработници и помошнициза разни области од работата,
- донесува одлуки за унапредување и за разместување на вработените,
- комуницира со јавноста и со останатите институции,
- ја преставува институцијата во земјата и надвор од неа,
- врши други работи кои се од интерес за остварување на поставените цели.

Постојат два вида, на менаџерски активности и тоа: физички (активности за комуницирање) и ментални (активности за донесување одлуки). На слика 1 се прикажани работните активности на современиот менаџер.

Активности на еден менаџер

- врши контрола на работата
- дава насоки и упаства на соработниците и на вработените
- зборува и се консултира со соработниците и со вработените за различни прашања сврзани со работата
- чита извештаи, писма и други акти сврзани со дејноста на институцијата
- определува награди и признанија за извршената работа
- презема конкретни акции по разни проблеми
- ја стимулира инвестивноста и креативноста во работата
- донесува одлуки за нови проекти и нови дејности
- ги формулира целите кои треба да се реализираат
- склучува разни договори
- присуствува на состаноци
- ангажира соработници и помошнициза разни области од работата
- донесува одлуки за унапредување и за разместување на вработените
- комуницира со јавноста и со останатите институции
- ја преставува институцијата во земјата и надвор од неа
- врши други работи кои се од интерес за остварување на поставените цели.

## Потреба од современ менаџмент во образованието

Крупните промени кои настанаа во последните години во Р. Македонија и беа вкоренети во сите домени на општественото живеење, всушност не беа рефомски промени туку преставуваат процес со промени на сите елементи на системот. Сите наведени промени навлегуваа во сршта на постојниот економски систем, па отаму, се родија разни концепции како да се направат тие, кој период да биде прифатен, со која брзина тие да се изведуваат и сл. Но, без разлика на проблемите кои се јавија на тој пат, процесот на воспоставување на новиот економски систем, со различно темпо, се одвива во сите сектори на системот.

Најкратко, поставени се темелите на еден нов економски систем. Со поставувањето на новиот економски систем, се бара и остварување на една од основните цели, а тоа е: воведување на квалитетен менаџент, како услов за успешно остварување на поставените цели кај овие институции.

Тоа значи дека, и во областа на образованието, треба да се воведе современ менаџмент (ефикасен и ефективен), кој треба да се води кон остварување на поставените цели, од период до период, оспособен за вклучените современи образовни методи и технолигии, без кои не може да се замисли современиот воспитно-образовен, научно-истражувачки и едукативен систем. Тој е клучен субјект во училишната организација кој треба постојано да им дава стручна помош, лична поддршка и индивидуален предизвик на наставниците во текот на извршување на поставените цели во училиштето.

Поради тоа се вели дека новата технолошка парадигма преставува збир на мaѓусебно поврзани технички, организациони и менаџерски иновации чија предност е во новиот асортиман на производи и производни системи и услуги без кои не може да се замисли современата економска структура на општеството[7].

7. Гоцевски, Т. Сапунџиева, К. (2008), ***Основи на менаџментот и претприемништвото во образованието,*** Скопје: Филозофски факултет

Отука менаџментот, како современ процес, треба да се карактеризира и препознава со знаењето на менаџерите, кој во основа се потпира врз професионалното и високостручно раководење и управување на воспитно-образовните институции. За таа цел нашиот образовен систем мора да биде еден од оние кои ќе го поттикнуваат духот на менаџментот и иновацијата. Иновативноста е основата за развој на менаџерскиот дух кај поединците, организациите и општеството во целина. Иновациите секогаш креираат и промовираат нешто ново, нешто различно од постојаното што на целата економија и дава нова развојна димензија. Само оние институции кои своето работење, раководење и управување го темелат на современ менаџмент кој, пак, од своја страна, преферира образование, знаење, наука, информации, иновации, искуства, деловен ризик и сл., со право се сметаат за предоност, за опстанок и за економична ефикасност. Во моментов прва и основна задача е воведување на менаџерските функции во образованието, во научно-истажувачките, едукативните и развојните организации и институции, но исто така понатаму, треба да се работи на афирмација на оваа професија, која за жал, се уште не е промовирана и прифатена во областа во која зборуваме. За подобрување на квалитетот на наставата во образованието - пресудни за рејтингот на образовните иституции - потребни се квалитетни менаџери, оспособени за реализирање на визијата на училиштето, како и за воведување и применување на современата образовна технологија. Интересот за менаџментот во воспитно-образовниот процес, е се поизразен и поинтензивен, и тоа како кај кадрите кои објавуваат каква било раководна функција во образовните институции во нашата држава така и кај студентите кои студираат и својот стручен профил сакаат да го реализираат во воспитно-образовниот систем на нашата земја. Времето за отпочнување на овој процес за создавање на менаџерски кадри за водење на работите во воспитно-образовната и едукативната дејност е веќе започнат, но не смееме да испуштиме ниту еден дел од оваа значајна мисија која не е едноставна, туку напротив многу ригорозна и во неа ќе успеваат само кои се желни за нови предизвици и знаења, оние кои се најспособни.

Треба да се отвори процес на регултирање кадри за менаџери што ќе ги задоволува следните минимални карактеристики на современ менаџмент:

- да бидат сестрано образовани,
- да бидат оспособени за преземање деловен ризик,
- да можат да донесат одлука,
- да можат да управуват и да раководат,
- да имаат смисла за почитување на хиерархијата,
- да се одлични организатори
- да поседуват смисла за мотивирање на луѓето,
- да можат успешно да ги валоризираат образовните и останатите услови на пазарот,
- да можат да постават цели и да ги мобилизираат ресурсите за остварување на тие цели,
- да имаат смисла за современост и за нови трендови,
- да се флексибилни,
- да ја познаваат воспитно-образовната и истражувачката технологија,
- да имаат смисла за следење на пазарот на трудот од аспект на понудата на работни места и потребата од знаење за такви работни места,
- да имаат способности да ги насочуваат активностите на сите вработени кон остварување на поставените цели на институцијата и сл.

Меѓутоа и за подобрување на современето образование во Р. Македонија не е доволно само современ менаџер кој води кон успешно осовременување на поставените цели, потребно е и осовременување на наставните програми, усовршување и континуирана обука на наставниот кадар, воведување на современи образовни методи и технологии на наставата и учењето како и професионален развој односно кариерен развој на секој поединец во образованието, па се до водење, наградување, менаџирање и мотивирање на човечките ресурси во самата работна организација .

# Современиот менаџер во современото образование

Поаѓајќи од констатацијата дека на современото образование во услови на пазарна економија, му е неопходен современ менаџмент кој, ќе ги воведе своите форми на управување во оваа дејност и откако во предходниот дел успеав да ја образложам потребата од современиот менаџмент, но и потребата од оспособување на кадри што ќе ја вршат оваа сложена и одговорна работа во воспитно-образовната, научно-истражувачката и во едукативната дејност. Сега се поставува прашањето: Што всушност тие треба да работат? За да се даде одговор на ова прашање, најнапред треба да се објаснат нивоата на менаџерите, односно нивото на менаџерската функција која ја заземаат. Поставувањето на херархијата во вршење на менаџерска работа произлегла од сложеноста на менаџерскиот процес, која во литературата се именува како воспоставување нивоа на менаџери.

Во литературата се сретнуваат три нивоа, и тоа:

- вревен менаџмент (top level of menagment),

Врвни менаџери се: менаџер на универзитет, менаџер на институт,менаџер на факултет и сл., тие се одговорни за извршување на целите поставени од нивото на институцијата.

- среден менаџмент (middle level)

Менаџери на средно ниво се: менаџер за кадровски промени, менаџер за пласирање на образовни услуги, менаџер за комуникација со јавноста и марктетинг и сл., тие се одговорни за конкретни задачи и активности.

- менаџмент на пониско ниво (lower level)

Менаџери на пониско ниво се одговорни за спроведување на процедурите и политиката утврдена на пониско ниво, со помош на вработените во тие институции.

Откако сега ги образложив менаџерските нивоа, а во предходниот дел ги образложив активностите на современиот менаџер и минималните карактеристики

што тој ги поседува, сега би можела и да дадам одговор на прашањето Што всушност тие треба да работат?

Менаџерот во оваа област треба да биде оспособен, да ги насочи напорите на сите вработени кон успешно остварување на однапред поставените цели, преку современата организација и управување во својата институција.

Наткратко, би се ангажирале за следните работни оврски:

- да се обезбедат услови за најефикасно давање воспитно-образовни, едукативни, научно-истражувачки, развојни и информатички услови кои ќе бидат пласирани на пазарот;
- да се планира и да се обезбеди стабилсност на активностите сврзани со обезбедување на образовната понуда;
- да се обезбеди стратегија за развој на својата инситуција која нема да биде подложна на влијание од опкруж увањето и на чести промени и нестабилност;
- да се обезбедат услови на организацијата, за да ги задоволи барањата на оние државни органи кои ја контролираат нејзината работа (Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Просветната испекција и др.);
- треба да се обезбеди вклучување во информатичкиот систем или системи, од соодветната област, кои ќе овозможат ползување на достигнувањата кај другите, но и нудење на свои достигнувања во науката, воспитанието, образованието, образовната технологија и сл.;
- треба да се дејствува како авторитет кој компететно и одговорно ги води организацијата, управувањето, раководењето, мотивирањето и контролата на работата.

Ефикасното менаџирање е многу повеќе од постигнување резултати. Тоа значи и придобивање на луѓето за работа и нивно жртвување за да се дојде до целта.

Во современото образование, современиот менаџер задолжително треба да поседува позитивни и пожелни особини и тие се прикажани на слика 1.

ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПОЗИТИВНИ И ПОЖЕЛНИ ОСОБИНИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ПОСЕДУВА СОВРЕМЕНИОТ МЕНАЏЕР ВО ОБРАЗОВНАТА ИНСТИТУЦИЈА

Сл:2



# Способности кои му се потребни на менаџерот во образованието

Во услови на брзиот развој на науката и технологијата мораме да се согласиме со констатацијата дека на современото образование му е потребен современ менаџер. Меѓутоа за да можев попрецизно и секако појасно да одговорам  на тоа поставено прашање, односно да ја образложам потребата на современиот менаџер морав да ги образложам работните задачи на современиот менаџер или како што таму ги нареков активностите на еден менаџер. Сега за да продолжам со образложувањето на потребата од современиот менаџмент, односно потребата на современото образование, кои имаат за цел да ја подготват младата популација за работа и за живот, да усвојува знаења и да стекнува умешност и навики за вклучување во процесот на трудот, да се залага за мир, разбирање и соработка во граѓанскиот модел на општеството и сл., морам да ги потенцирам знаењата и способностите кои треба да ги поседува современиот менаџер. Познавање на образовниот и едукативниот систем, на образовната технологија, стандардите во образованието, организацијата на трудот, како и на економските аспекти во образовната сфера, во смисла на пазарот на работната сила, финансирање на јавниот сектор и јавното образование и сл., се дел од групата знаењата кои треба да ги поседува менаџерот во воспитно-образовниот и едукативниот систем и тие мора да бидат комбинирани.

Според литературата способносите кои треба да ги поседува менаџерот во воспитно-образовниот и едукативниот систем, се групирани во неколку групи и тоа:

1. техничка способност;
2. човечка способност;
3. концепциска способност;
4. аналитичка способност и
5. одлучувачка способност.

1. Техничката способност на менаџерот подразбира спектар од активности за кои е оспособен да ги извршува. Како такви ќе ги споменеме:

- способност за специфични активности како што се примената на методите, процесите, процедурите и техниките,
- поседување вештина за употреба на разни техники во конкретни дициплини,
- успешно работење со техниката,
- познавање на технологијата и на организацијата на воспитно-образовниот процес,
- аналитичка способност,
- способност за управување и сл.

Денес, не може да се замисли ниту еден современ менаџер доколку не ја поседува техничката способност, односно доколку во своето секојдневно работење, не ја применува техниката. Современиот менаџер најапред треба многу добро ја познава воспитно-образовната организација и современата образовна технологија. Меѓутоа како современ менаџер успешно и да ја применува современата образовна технологија во воспитно-образовната организација. Од сето ова произлегува дека современиот менаџер мора да ја поседува техничката способност, но мора добро и да управува со неа за да ја успешно применува во целиот воспитно-образовен процес.

2. Човечката способност на менаџерот воспитно-образовната и едукативната дејност подразбира пред се:

- способност за колективна работа,
- ефективно работење како член на групата,
- работење со луѓе-родители, ученици, граѓани,
- почитување на воспоставената хиерархија, по сите основи,
- оспособеност за комуникација и за работење,
- создавање атмосфера на доверба и сигурност,
- способност за охрабрување и мотивирање,

- способност за разрешување конфликти,
- способност за партиципација во сите домени,
- создавање атмосфера на доверба, на авторитет и сл.

Кога говориме за успешно менаџирање мислиме на современ менаџер, но ниту еден современ менаџер денес не може да води раководна функција доколку не ја поседува човечката способност. Секој современ менаџер мора да знае и да работи во тим, да ги почитува подеднакво сите членови од тимот, секој член од тимот подеднакво да го мотивира, охрабри и ислуша, тимот мора да верува на својот менаџер, менаџерот мора да има авторитет во тимот и во целата работна организација и доколку настанат недоразбирања или се појават различни мислења менаџерот да знае да ја разреши ситауцијата. Секоја добро намерна критика од тимот доколку постои менаџерот да знае да ја прифати.

3. Концепциската способност на менаџерот воспитно-образовната и едукативната дејност подразбира пред се:

- да се гледа институцијата како целина,
- да се препознава меѓусебната зависност на сите функции,
- да се препознаваат односите во колективот, опкружувањето и општеството во целина,
- постојано да се подобрува благосостојбата на институцијата,
- способност акцијата да се претвори во знаење и знаењето во акција,
- оспособеност за препознавање зошто нешто е направено така а не поинаку, особено во образовната технологија
- способност да се согледува комплекноста на односите,
- вклучување на разбирањето и знаењето во процес на менаџментот,
- способност за размислување и за планирање на активностите,
- оспособеност за донесување најсложени одлуки.

Современиот менаџер иако ги поседува техничката и човечката способност, тој во секојдневното работење во воспитно-образовната дејност мора да ја поседува и концепциската способност, односно тој мора воспитно-образовната организација да ја гледа во целина. Секојдневно мора да одлучува и да донесува најсложени одлуки, секогаш да има одговор зошто ја донел таа одлука или зошто не одлучил поинаку, постојано мора да ги планира сите работни активности и во целата работна организација да постои благопријатна атмосфера за работа.

4. Аналитичката способност од своја страна подразбира:

- способност на менаџерот да анализира и да употребува соодветни техники,
- да ги анализира проблемите и да ги проценува можностите на институцијата и на луѓето во неа,
- оспособеност за примена на научен и на логичен метод,
- оспособеност за анализа на факторите на опкружувањето,
- способност за утврдување на корелативните врски меѓу појавите,
- способност за познавање на појавите и релациите во општеството.

Аналитичката способност е еден неопходен дел од мозаикот наречен современ менаџер, односно ниту еден современ менаџер не може да ја раководи совојата работна организација доколку не знае да анализира. Постојано менаџерот треба да ги анализира проблемите во работна организација и да употребува содветна техника, да ги анализира факторите на опкружувањето на самата работна организација работна организација.

5. Способноста за одлучување е, исто така, една од најважните карактеристики што треба да ја поседува секој современ менаџер. Под способност за одлучување, пред, се подразбира:

- оспособеност за донесување одлуки,
- да се поседува моќ и капацитет за одлучување,

- способност за селектирање на битно од небитно,
- способност за селектирање на акциите,
- оспособеност за подготвување одлуки и др.

Последниот дел, но не и најмалку значаен дел од моизаикот наречен современ менаџмен е способност за одлучување, односно ниту еден современ менаџер не може да ја раководи совојата работна организација доколку не знае да одлучува. Постојано менаџерот треба да одлучува, да знае да ги дели одлуките на битни и небитни и да знае да ги селектира акциите на работењето.

Како и кај секоја друга работа, така и во менаџерството, вработените очекуваат од својот менаџер усех. Кога станува збор менаџерската функција што се врши во образовниот систем, тогаш успешноста е поврзана и со низа други фактори кои ги продуцира самиот карактер на институциите, како што се спефичноста на нивната дејност, поширокото значење на овие институции за севкупниот развој на земјата, квалификационата структура и др. Меѓутоа во литературата познати се и ставовите за способностите што треба да ги поседува еден успешен менаџер и тоа:

- способност за вршење анализа,
- способност да пренесува идеи,
- способност да организира,
- способност да планира,
- способност да ги инспирира другите,
- амбициозност за остварување на поставените цели,
- да поседува емотивна рамнотежа,
- да ја познава економијата,
- да има чуство на одговорност,
- да ги охрабрува другите,
- да поседува способност да ги подучува другите,
- да поседува чуство на лојалност кон вработените и кон институцијата,
- способност да прибира и да интерпретира информации,
- техничка способност.

Според д-р. К. Петковски графички приказ на способноста на менаџерите на сл. 3



## Одговорност на современиот менаџмент

Одговорноста, или во литературата честопати може да се сретне и терминот работен морал, како категорија, одсекогаш го придружувала процесот на трудот при што интезитетот зависел од сложеноста на работните функции кои ги извршувал определен извршител. Инаку, одговорноста е дефинирана како ,,антрополошка категорија која му припаѓа на човекот како творештво и слободно суштество кое чуствува одговорност за својата активност и дејствување. Во општествената заедница се воспоставувват повеќе видови на одговорност: политичка, морална, правна материјална и сл. кои, најчесто, се регулирани со содветни прописи,,.

Под терминот работен морал се подразбира свесно залагање за извршување на работните задачи во остварувањето на поставените цели и интереси на секој субјект, како и свест за почитување на сопствените интереси, интерсите на групата и интерсите на колективот во целост, во кој се работи и се дејствува.[8]

Одговорностите што ја извршуваат менаџерите во воспитно-образовната, едукативната и научно-истажувачката дејност стануваат многубројни и широки, кои произлегуваат од самите работни задачи на современите менаџерите, кои се се потешки и помногубројни. Според литературата, одговорноста што ја извршуваат менаџерите во воспитно-образовната, едукативната и научно-истажувачката дејност, може да се систематизира во неколку области, и тоа:

- во надлежноста на менаџерот спаѓа одговорноста за поставување на долгорочни цели и задачи кои треба да бидат едновремено и остварливи и предизвик за него и за колективот во целина. Менаџерот треба да располага со моќ и способност, со својата визија, да ги предизвика сите

8. Гоцевски, Т. Сапунџиева, К. (2008), ***Основи на менаџментот и претприемништвото во образованието,*** Скопје: Филозофски факултет

членови на колективот да ја прифатат неговата визија како реална и остварлива;

Современиот менаџер треба секогаш да поседува визија за поставување долгорочни цели и задачи на самата работна организација, но и да поседува реална мисија за да ги оствари поставените цели и задчи. Тој треба секогаш да биде подготвен на одговори на сите предизвици кои се јавуваат во текот на исполнување на поставениот план, но и треба да располага со моќ за да предизвика сите членови на колективот да ја прифатат неговата визија како реална и остварлива.

- менаџерот е одговорен за формулирање на плановите и на програмите за работа чија реализација, во крајна линија, ќе води кон остварување на глобално поставените цели на институцијата;

Современиот менаџер секогаш е одговорен за формирање на планови и програми во целата работна организација. Најголемата одговорност е во реализацијата на плановите и програмите кои водат кон остварување на поставените цели на организацијата.

- менаџерот е одговорен за создавање благопријатни меѓучовечки односи, за надминување на евентуалните конфликти кои произлегуваат од програмата за остварување на поставените цели;

Современиот менаџер е одговорен и за создавање пријатна работна атмосфера во неговата институција, но и секогаш е поговен за разрешување и надминување на конфликти доколку се појават во текот на работењето и на остварување на поставените цели.

- како своевиден лидер на институцијата, менаџерот е одговорен за селекција, унапредување, мотивирање и фер однос кон вработените во колективот;

Современиот менаџер од една страна е одговорен и за селекција на вработените во колективо, но од друга страна е одговорен и за унапредување, мотивирање и фер однос кон вработените во колективот.

- менаџерот е одговорен за создавање работници лојални на институцијата кои се подговени за напорна работа и за посветеност на фирмата што треба да води кон сигурен успех;

Современиот менаџер е одговорен и за создавање и управување на работници лојални на институцијата (наставници и стручни соработници) кои се подговени за напорна работа и за посветеност на воспитно-образовната дејност што треба да ја води до сигурен успех и создавање на авторитет на самата институција.

- менаџерот заедно со својот тим, е одговорен за извршување на сите активности во институцијата;

Современиот менаџер заедно со својот тим на наставници и стручни соработници се одговорени за извршување на сите активности во нивната работна организација.

- менаџерот е одговорен за поставување и почитувањето на стандардите во работењето и однесувањето на вработените;

Современиот менаџер во неговата работна организација е одговорен и за поставување и почитувањето на стандардите во работењето и однесувањето на вработените.

- менаџерот е одговорен за поставување на стратегија за долгорочен развој на институцијата, како и нејзиното извршување.

Современиот менаџер во неговата работна организација е одговорен и за поставување на стратегија за долгорочен развој на институцијата, како и нејзиното извршување.

Меѓутоа позната е една практична непријата сосотојба а тоа е, доколку извршувањето на поставените цели и задачи се одвива на задоволнително ниво, тогаш успехот е заеднички, но од друга страна ако се јават тешкотии во извршувањето на поставените цели и задачи и институцијата работи лошо тогаш одговорноста целосно се префрла на менаџерот и неговиот тим. Затоа менаџерите во воспитно-образовната, едукативната и научно-истажувачката дејност, имаат огромна одговорност во повеќе сегменти од нивното работење и затоа менаџерот во оваа облас станува потреба.

# Функции на современиот менаџмент

Современиот менаџер треба да поседува повеќе функции, за да врши успешно својата одговорна задача. Поради сложеноста на менаџерските задачи постојано е расправано како да се определат менаџерските функции. Во минатото, разни автори правеле разни листи на менаџерски функции, кои или се поклопуваат или се многу слични. Па така според Т. Гоцевски неколку комбинации на функции на менаџментот дадени од различни автори:

- планирање, организирање, кадри, насочување, контрола;
- планирање, организирање, раководење, контролирање;
- планирање, контрола, кадри, организација, насочување, контрола;
- планирање, контрола, кадри, организација, насочување и преставување;
- планирање, организирање, кадри, влијание, контролирање;
- планирање, организирање, кадри, насочување, преставување, контролирање, иновирање;
- планирање, организирање, кадри, насочување, раководење, контролирање и одлучување;
- планирање, одлучување, организирање, кадри, контролирање, комуницирање и насочување.

Меѓутоа, општо прифатлив е ставот дека пет од горенаведените функции се основни, а тоа се: планирањето, организирањето, кординацијата, потикнувањето и контролата. Планирањето е една од најзначајните активности на менаџметот. Планирањето одговара кој, кога, како, зошто и што треба да направи или изврши. Организирањето е посебна менаџменска функција и таа ги подредува и ги групира активностите, создава соодветна структура и т.н. Додека пак кординирањето преставува сложен процес кои треба да го извршуваат искусни и образовани менаџери. Потикнувањето или уште е познато како мотивирање преставува комплексен систем на мерки, активности и дејности кои се преземаат од страна на

менаџерите. Во редот на најзначајни менаџерски функции спаѓа контролата, со која менаџерите дали поставените задачи, се во рамки на планирањето, или пак отстапуваат

ПРИКАЗ НА МЕНАЏЕРСКИ ФУНКЦИИ СПОРЕД Т.ГОЦЕВСКИ НА СЛ.4




Додека пак според М. Виолиевиќ може да се издиференцираат следните менаџерски функции на современото училиште:

- планско-програмерска функција;
- организаторска функција;
- функција на водење
- евалваторска или истражувачка функција;
- педагошко-инструктивна функција.

Планско-програмската функција е менаџерска функција со која, врз база степенот на реализацијата на мисијата, (на анализа на резултатите остварени во некој изминат период), се креира визијата (се предвидува иднината и се донесуваат одлуки

за целите кои треба да се остварат. Организаторската функција е мошне значајна функција со чие извршување менаџерот го заокружува целокупниот процес на работа. За да се изврши успешно оваа значајна особина менаџерот треба да поседува определени особини.
Листа на особини што ги наведува М. Вилиотиевиќ: [9]

- високо ниво на знаење,

Секој современ менаџер треба да поседува високо ниво на знаење за да може да ја управува самата воспитно-образовна организација.

- интелегенција,

Секој современ менаџер треба да е интелегентен за да може да ја води самата воспитно-образовна организација кон успех.

- креативност,

Секој современ менаџер треба да е креативен кога ја извршуваа таа оговорна работа.

- оригиналност,

Секој современ менаџер треба да е оргинален кога ги поставува целите и задачите на неговата институција.

- иницијативност,

Секој современ менаџер треба да е иницијативен кога ги мотивира вработените во извршувањето на поставените цели и задачи.

- истрајност,

Секој современ менаџер треба да е истраен затоа што не секогаш се оди по планот и мора да биде спремен на преземање деловен ризик.

- самостојност,

Секој современ менаџер треба да е самостоен, да го почитува туѓото мислење меѓутоа не смее да дозволи некој друг да му ја наруши самостојноста.

- одговорност,
- практичност

9. Vilotievic, M. (1993), Organizacija i rukovodenje skolom, Beograd: Naucna knijga

Функцијата на водење што менаџерот треба да ја поседува е многу важна, затоа што е насочена кон тоа да се води тоа што треба да се работи. Односно секој менаџер создава амбиен и клима за работа. Евалваторска или истражувачка функција на менаџерите главно е, насочена кон работата и постигнувањето резултати на наставиците и учениците. Тој систем на следење мора да биде сеопфатен, стабилен, селективен и рационален. Менаџерот треба да ја поседува и педагошко-инструктивната функција, затоа што тој денес се повеќе станува инструктор во работата со наставниците. Тој со своето искуство и знаење треба да ги воведува во работата нововработените наставници, но исто така треба да ги обучува другите наставници за новите техники, методи и педагошки форми на работа, начинот за користење на новите наставни срества, помагала и сл. Секако менаџерот треба да се грижи за својот кариерен развој, но и за кариерниот развој на сите вработени во институцијата.

ПРИКАЗ НА МЕНАЏЕРСКИ ФУНКЦИИ СПОРЕД М. ВИЛОТИЕВИЌ НА СЛ.5



# Кариерата и развојот и на вработените и современиот менаџмент

Добар менаџер е оној кој не е загрижен за сопствената кариера туку за кариерата на оние кои работат за него - H. S. Bums.

Вработените во училиштата имаат и потреба од сопствена стратегија за развој, се поголема едукација, потреба за рамнотежа во професионалниот и личниот развој, потреба од обуки со кои ќе се стекнат со нови квалификации и способности и сл. но од својот менаџер, водач или директор очекуваат да биде успешен, а тоа значи да биде рационален, прагматичен, практичен, односно ефикасен што значи квалитетен во водење на образовната организација.

Секој вработен во организацијата треба постојано да ги согледува можностите за својот:

- Личен развој,

Личниот развој на подинецот е лично право и обврска, но и личен избор. Најчесто личниот избор за усовршување се сведува на: учење странски јазици, стекнување на нови социјализирачки вештини, како на пример, тимска работа, лидерство, менаџирање со времето и сл. Личното усовршување бара упорност, доследност и многу одрекување, со други зборови самодисциплина.

- Префесионален развој,

Професионалниот развој во себе состои две компоненти. Првата компонента се состои во усовршување и подобрување на знаењата и вештините од нивната потесна струка или област; Додека пак втората компонента се состои во усовршување и подобрување на знаењата и вештините од технологијата на областа во која делуваат.

- Кариерен развој.

Кариерниот развој на секој вработен е во идентична врска со неговиот личен и професионален развој. Личното и професионалното усовршување на наставниците односно вработените треба да биде прироитетна и многу значајна задача на менаџментот во секое училиште.

Секој поединец гради сопствена кариера во зависност од визијата за себе, од желбата да учи и да напредува во сопствените вештини, способности, знаења и е одговорен за сопствениот развој и исполнување на целите па затоа кариерата преставува индивидуален феномен. Кај некој вработени кариерата се одвива стихијно, без посебен концепт, план и визија, додека пак некој вработени имаат визија за себе и се стремат кон исполнување и на сопствената и на организациската визија.

Условите за напредување во кариерата директно влијаат на мотивацијата на вработениот, задоволството од работата што ја извршува како и неговата професионална и лична сатисфакција. Организацијата треба да овозможи подршка и да ги мотивира сите вработени за развој во кариерата во согласност со нивните интереси, потенцијали, потреби за напредок и сл.

Дипломите и сетификатите се основниот фактор за успешноста на кариерниот развој на самата образовна организација меѓутоа примената на образовната технологија од страна на вработените односно менаџерите преставува важен фактор за совладување на новите знаења и вештини и истите да ги стават во функција. Примената на образовната технологија наметна ново време, нови содржини, нови погледи, дилеми и предизвици, со цел поефикасно стекнување и проширување на образовните можности. Клучот со новото време односно со новите образовните технологии е во усовршување на наставниот кадар, кое може да биде индивидуално или групно усовршување. Најчесто индивидуалното усовршување се поистоветува со самоусовршување кој е составен дел од личното усовршување. Додека пак групните форми на усовршување се интерни (на ниво на училиштето) и екстерни (организирани од други институции).

Клучна улога во интерната форма на групното усовршување на вработените во едно училиште има менаџерот на училиштето. Професионалниот развој треба да е вграден во визијата, мисијата и стратегијата на самата образовна организација, а секој менаџер на училиште треба да воспостави систем и механизам за професионален развој на вработените во содветната програма.

Оние вработени кои се препознаени како потенцијали, организацијата треба да се стреми да ги задржи, бидејќи тие се значаен инпут кој дава зголемен анпут на организацијата.

## Модернизација и воведување на современа образовна технологија

Во време на масовното образование на младите генерации, нужно, се поставуваат многу прашања во врска со адекватно и ефикасно образование и воспитание. Денес, кога индустријата постигнала одредено високо ниво, кога многу различни технички достигнувања довеле до вистински предизвици, наставата во училиштата главно ја вовела модернизацијата и тоа преку воведување на современите образовни техноологии. Модернизацијата на целиот образовен систем може да се дефинира токму преку ,,воведувањето на современи, модерни,технолошки достигнувања кои ќе се користат во самиот образовен процес,,. [10]

Воведувањето на современата технологија и нејзината примена многу зависи од ставот кон истата, отколку од самите материјални можности. Занемарувањето на современата образовна технологија во образованието во денешно време, поедноставно отприлика изгледа како да се оди пешки наместо со воз или авион, или валканите алишта да се перат рачно наместо да се користи машината за перење

10. Mijanivic, N., (2002), ***Obrazovna tehnologija,*** Podgorica: Obod DD

алишта, или пак, сложените сметководствени работи да се вршат со молив и хартија, наместо да се прават со употреба на калкулатори или компјутери. Употребата на разни образовни медиуми, одговара на барањето за образование преку работа, за образование потоа работа или работа низ образование. Тоа, значи веќе не е вообичаено образование, образование на елитата во подолг временски период, ниту образование одвоено од сферата на работењето. Современата образовна технологија создава разновидни, динамични и покомплексни знаења и одговара на уште една значителна потреба на денешнината.

Воведувањето на современата образовна технологија предизвикува интерсирање и значителен ангажман во сознавањето на:

- учениците се посебно заинтерсирани за " светот во кој живееме", а современата образовна технологија може да ја задоволи и ја задоволуваа оваа нивна голема потреба;
- наставните средства овозможуваат на учениците да им се покажуваат основните структури на поимите и тоа води кон создавање на знаење и умешност;
- Со посрество на наставните средства, можно е одредени делови, поединечни аспекти и неповрзанато учење да се интегрира во согласна целина;
- современата образовна технологија не служи само за збогатување на знаењата и активностите на наставниците и менаџерите, туку исто така за збогатување на знаењата и активностите на учениците;
- во наставниот процес постојат етапите, како што се: повторување, систематизација, вежбање и примена, но преку употребата на содветни наставни средства, овие етапи можат успешно да се вообличат;
- наставни средства, мора да бидат не само во функција на наставата, туку и во функција на развој на мислењето;
- употребата на наставните средства може да влијае на рационализацијата на работата на наставникот и на ученикот, а со тоа и на зголемување и на успешноста во наставата;

- прикажувајќи го развојот во природата, техниката и опшеството, наставните средства ги објаснуваат причините, врските и последиците;
- наставните средства потпомагаат и во развојот на интелектуалните активности, како што се: опишување, коментирање, проценување и др.
- преку современата образовна технологија се олеснува работата на наставникот во подготовка за насавата;
- современата образовна технологија кај учениците ја подобрува концентрацијата во процесот на учење;

## Суштината и класификацијата на современа образовна технологија

Со воведувањето на образовната технологија во образованието и можностите што ги нуди за унапредување и подобрување на квалитетот на целиот образовен систем со сите негови подсистеми таа станала интегрален дел од современиот образовен систем. Во обласга на технологијата како во стручната литература така и во праксата постои големо терминолошко шаренило како на пример: "учила", "наставни средства", "работни средства", "средства за учење", "технички средства", "медиуми" и др. како што може да се забележи се употребуваат многубројни и разновидни термини кое секако доведува до нејаснотии и одредени сфаќања.

Според некој автори со појмот "учила" се подразбира наставни средства кои имаат одредена содржина и образовна вредност и се наменети за учениците и наставниците. Додека пак техничките средства (апарати, машини и сл.) сами по себе немат содржина и таа треба да вметне со табла, машина за учење или сл. Работните средства всушност преставуваат материјалите кои служат во наставата или уште се познати како средства за самообразование. Колку тие ќе бидат подготвени во работата зависат од содржината и целите, но и од примената на содветни наставни методи и постапки. Меѓутоа постојат и поинакви видови на сваќања од овој вид,

односно има автори кои сите наставни средства ги вклучуваат категорија медиуми. Овој израз медиум е многу оширен, но и неопределен и тука спаѓаат: училата, говорот, мимиките, гестовите и др. Според други автори, овој медиум би требало да ги опфаќа само оние материјално-наставни средства кои се користат за потребите на наставата и учењето[11]. Исто така постојат и автори кои прават разлика помеѓу наставните средства и медиумите, на тој начин што под поимот наставни средства поздразбирале "традиционалните" средства, додека пак под пимот медиуми подразбираат современи технички наставни средства, односно различни апарати и технички уреди. На крај разлика помеѓу наставните средства (средства со кои се служи наставникот во процесот на настава) и средства за учење (наставни средства кои служат за потребите на учениците), кои се дидактички неоправдани. Од сето ова произлегува дека сите материјални средства за остварување на наставните барања се означуваат како наставни средства, тие се дидактички инструменти за работа кои во себе поседуваат специфични елементи и干 допринесуваат за ефикасно создавање на воспитно-образовните задачи на училиштата. Најчеста но и најлогична е класификацијата на наставните средства врз база на сетилните органи:

- слухот- аудитивни средства (радио, графикон, магнетофон)

Аудитивни средства служат како извори на знаење кои се добиваат преку сетилото за слух и се темелат на аудиокомпоненти. Во оваа група спаѓаат: радиоемисии, телефони, графиконски плочи , магнетофонски ленти CD или DVD - записи и USB медиум записите.

- видот- визуелни средства (препарати, слики и др.)

Визуелни средства се темелат на видеокоментари- текст, слика, предмет и филм. Во оваа група спаѓаат: сликовниците, наставните листови, книги, ѕидни слики,

11. Bezic, K., (1983), *"Tehnologija nastave i nastavnik"*, Zagreb : Pedagosko-knizevni zbor.

дијапозитивите, микрофилмовите и моделите. Текстуалните медиуми се највеќе присутни во работата на учениците.

- слухот и видот- аудиовизуелни средства (телевизија, филм и сл.)

Аудиовизуелни средства како извори на знаење кои се добиваат преку сетилата за слух и вид. Во оваа група спаѓаат: телевизиските емисии, звучни наставни филмови, DVD - записи и USB медиум записите.

Компјутерите, лабараториите за јазици и интернетот преставуваат посебна група медиуми кои со своите можности и функции можат да се користат како аудитивни, визуелни или пак како аудиовизуелни медиуми во наставата и во целиот воспитно-образовен процес .

Класификација на наставните средства постои и од аспект на нивото на конкретност или на апстрактност. Едгар Деил, американски педагог, говори за "пирамидата на образовните искуства" која се согласува од непосредни и реални, кон најапстрактни. Поставувајќи се како посредници помеѓу најапстракното и најнепосредното, аудиовизуелните срества овозможуваат субјектите полесно да ја преминат скалата на двата правци, да засноват познавање на зборови и поими врз стварно искуство, како и да го генерализираат и да го применат сето она што го научиле[12]. Од сето ова можеме да заклучиме дека се возможни различни основи и гледишта за нивна класификација. Во основа наставните средства можат да се групират во три општи групи: педагошко-дидактична, психолошко-физиолошка и материјално-практична. Хронолошки гледано, во развој на наставните медиуми

12. Dale, E., (1969), ***"Audiovisual methods in teaching third edition"***, New York: The Dryden Press, Holt Rinehart and Winston.

карактеристични се две тенденции. Едната преставува тренд на развој на наставните медиуми во насока на нивното пернаметно усовршување, но поново време за потребите на современата настава се одвива процес на интеграција на наставните медиуми.

ПРИКАЗ НА ОСНОВАТА НА НАСТАВНИТЕ СРЕДСТВА СЛ.6




ПРИКАЗ НА НАЈЧЕСТАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ МЕДИУМИ

СЛ.7



# Универзален наставен медиум во образованието

Иднината им припаѓа на оние кои за време на големите промени се подготвуваат да учат, а они кои мислат дека нема повеќе што да учат, ќе останат во светот кој веќе не постои. - Ерих Хафер.

Во современиот образовен процес со поставувањето на компјутерот и интернетот во наставата, која во последните децении наоѓа широка примена во европските земји и пошироко не ѓи задоволува само основните вредности, туку и вредностите на пошироко, понавремено и пообјекнивно комуницирање односно пронаоѓање на податоци. Посебно значење е што на нашите простори во секојдневната практика тешко навлегуваат и се прифаќаат новините од струката. Затоа е потребен симболот на информатичката ера и електронската култура на комуникацијата како техничко средство, односно потребен е компјутерот. Откако се појави првата верзија на компјутер, па се до модерните компјутери во новото време настанаа многубројни промени во поглед на нивната големина, функција и брзина. Првите компјутери биле многу големи, бавни и имале прилично комплицирано програмско работење.

Понатаму се појавиле компјутери кои содржат миркопроцесори, кои имале се поголема брзина и поголеми можности, односно се појавиле првата генерација на комјутери кои можеле дирекно да се употребуваат во наставниот процес или во образовниот процес и биле така наречени персонализирани комјутери. Развојот на компјутерите продолжувал и понатаму се до денешните модерни компјутери. Меѓутоа со развојот на компјутерите почнала и наставата во целиот воспитно-образовен процес да се модернизира бидејќи таа започнала да се реализира уште во почетокот на 60те години на минатиот век. Токму затоа компјутерите спаѓаат во посебна група на наставни медиуми и тие условно можат да се наречат универзални наставни медиуми или универзални модерни наставни медиуми.

Компјутерот овозможува квалитетна презентација од страна на презентерот (ученик, насавник, менаџер) на било која програмска содржина преку слика, тон, текст, графикон и сл., но овозможува и на слушателите (ученици, наставници, менаџери) истовремено да набљудуваат, слушаат и размислуваат. Покрај компјутерот, за потребите за наставата се произедуваат и разновидни, образовни или дидактички компјутерски софтвери [13]. Постојат различни видови компјутерски образовни софтери, во зависнот од тоа дали се наменети за вежбање, проучување, решавање проблеми и стимулација.

## Примената на интернетот во наставата

Заедно со развојот на компјутрите се развиле и разни компјутерски мрежи кои овозможиле комуникација меѓу два или повеќе компјутери. Овие мрежи најнапред имале претежно научен карактер, бидејќи биле поврзани само научниците од различни страни на европа и светот. Една од мрежните наследници била токму и интернет-мрежата. Примената на интернетот во наставата најнапред имала повеќе ограничувања и слабости, но со текот на времето и развојот на компјутерите, како и со се поголемата компјутерска писменост, истите се намалуваат.

Постојат различни теории за интернет, различни можности за што служи тој и секако различна примена, но најнапред потребно е да се биде поврзан на интернет.

Фирмите кои го овозможуваат поврзувањето на Интернет се викаат Интернет Сервис Провајдери (ISP). Кај нас, на пример такви фирми се: МтНет, ОнНет и др.

Поврзувањето на интернет со сите комјутери денес навистина е многу лесно и може да се направи на неколку начини:

- ✓ Преку фиксната телефонска линија:
  - DIAL Up
  - ISDN

20. Стојановска, В., (2012), ***"Наставни медиуми"***, Скопје: Соларис принт.

- ADSL

✓ Преку телевизијата:
- Каболска
- Сателитска

✓ Безмрежно:
- Wifi
- WADSL
- Wi Max

✓ Преку мобилната телефонија:
- GPRS
- GDGE
- 3G
- 4 G

Од тие причини денес предност се дава на секој корисник да го избере оној начин на поврзување кој најмногу му одговара. Интернетот е јавно достапна глобална мрежа која се состои од милион академски, научни, работни, владини и други мрежи кои меѓусебно разменуваат информации и услуги. Имено интернетот преставува вистинска ризница на информации од различни области чии обем секојдневно се зголемува. Затоа интернетот е често посетено место каде корисниците (учениците. наставниците, менаџерите) наоѓаат потребни информациите во секоја област, читаат електонски списанија и весници, се образуваат, присуствуваат на различни дебати, конгреси и семинари, разговараат и др. Накратко интернетот значајно ги зголемува шансите за учење и образование на секој поединец. Меѓутоа корисниците на интернет најнапред треба да ги познаваат интернет програмите, кој се именуваат како интернет сервиси или интернет алатки.

Постојат многу програми кој ја олеснуваат работата на корисниците на интернет мрежата и тие се нарекуваат интернет сервиси или интернет алатки.

1. Основни интернет сервиси се:

- ✓ WWW- Word Wide Web
- ✓ E-mail
- ✓ E-commerce
- ✓ Електронско банкарство
- ✓ Download
- ✓ Upload

2. Основни интернет сервиси во наставата се:

- ✓ WWW- Word Wide Web
- ✓ E-mail
- ✓ Интерактивно комуницирање
- ✓ Интернет образование на далечина

3. Основни интернет прелистувачи се:

- ✓ Internet Explorer
- ✓ Mozilla FireFox
- ✓ Opera
- ✓ Safari
- ✓ Google Chrome

4. Основни интернет пребарувчи се:

- ✓ google
- ✓ yahoo
- ✓ MSN
- ✓ ASK

WWW- Word Wide Web

Сервисот WWW- Word Wide Web е еден од најпопуларните сервиси на интернетот и е еден од основниот интернет сервис кој што се употребува во наставата. Беше создаден во 1989год. во Женева, а развиен за да биде извор на човековото знаење и човековата култура да им овозможи да ги споделат своите идеи, искуства и занаења на различни проблеми, теми и проекти. Документите што ги разгледуваме на Интернет се нарекуваат веб страни (анг. web pages). Веб-страните многу наликуваат на страница од книга, но таа е комбинација од текстови, слики, звуци, видео и графикони. Веб-страницата имаат наставка htm ili html (Hyper Text Modeling Language). Повеќе веб-страни сочинуваат веб-сајд (анг. web site). Постојат повеќе типови на сајтови и тоа:

.Edu - за образовни институции,
.Org-за невладини организации,
.Net- за мрежни услуги и тн.
.Gov - за управа (влада) и др.

E-mail - Електронска пошта

E-mail е една од основните и најкористените алатки која се користи во воспитно-образовната, научно-истражувачката и едукативната дејност, а овозможува праќање и примање на пораки, текстови или слики преку компјутер меѓу луѓето кои имаат e -mail адреса. Електронската пошта за потребата на наставата може да се користи за комуникација меѓу ученик-ученик, ученик-наставник, наставник-наставник, наставник-менаџер, менаџер-менаџер. За разлика од патувањето на класичното писмо кое може да трае со денови, патувањето на електронската порака обично трае неколку секунди.

## Интерактивно комуницирање

Интерактивно комуницирање е сервис за текстуално, звучно или видео комуницирање меѓу луѓето кои се во исто време на интернет. За разлика од e-mail поштата која треба да чекаме одговор на пораката некое време, тука одговор имаме веднаш. Со помош на интерактивното комуницирање менаџерите и наставниците присуствуваа на различни дебати, конгреси и семинари, разговараат и се образуваат за одредени теми.

Комуникацијата се остварува преку различни програми како што се:

- ✓ IRC - Internet Relay Chat
- ✓ Usenet Newsgroups - форуми за дискусии
- ✓ Social Networking Site - сајт за социјално врежување
- ✓ Im- Instant Messagihg - сервис за интернет пораки.

## Интернет образование на далечина

Образованието на далечина преставува специфичен облик на образование имено постои физичка одалеченост на наставникот и ученикот односно не се бара нивно присуство во иста просторија така што нивната комуникација се остварува по пошта, телефон или други ефикасни мултимедиски или медиски системи. Притоа ученикот ги совладува програмските содржини самостојно со посредство на разновидни комуникациски линии и бара помош од наставникот, доколку таа му е неопходна. Овој вид на образование, образование на далечина преставува инструктивен начин на предавање кој не бара присуство на наставникот и на учениците во иста просторија.

Основни карактеристики за образованието на далечина се:

→ активно учество на учениците во организацијата и реализацијата на учењето (D. Mandic, 2001);

→ наставните сретства се во голем број;

→ можност за ангажирање на најдобрите стручњаци од одредени обрасти (V.Stojanovska, 2012);




→ наставникот задава задачи кој можат да бидат постојани или временески;

→ учениците сами си ја избираат литературата;

→ наставниците и учениците имаат двонасочна комуникација;

→ флексибилност во распоредот на обврските;

→ повремени консултации;

→ заштедување време;

Во зависност од квалитетот, времето и начинот на двонасочната комуникација се разликуваат два модела на комуникации и тоа: сихронен метод и асихронен метод. Сихониот модел подрабира двонасочна комуникација во реално време и тоа најчесто се мисли на компјутерски конференции, интерактивна телевизија, аудиографичка технологија и сл. Додека пак кај асихрониот модел двонасочната комуникација се одвива вон работно време со помош на асихроните медиуми или технологии. Асихрониот модел за некој ученици е повеќе прифатен, поеластичен и поконфорен. Учениците можат да започнат совладувањето на програмските содржини на некој курс тогаш кога тие самите ќе проценат дека најмогу ни одговара, да напредуват со сопственото темпо и самите да го определаат времето и планот за работата, односно учењето. (N. Mijanovic,2005) Најсовремениот вид на образование на далечина базирано на интернет се нарекува елетронско учење (e-learning). Елетронско учење (e-learning) им овозможува на учениците да учат во секое време од денот и ноќта, да комуницираат со други ученици и да го полагат испитот

кога ќе завршат со програмата, односно да студираат со минимални вложени средства и во животна доба која мислат дека е најпогодна да стекнат соодветни клалификации на универзитетско ниво. Во поразвиените земји во светот, компјутерот и интернетот веќе е вклучен во ситестемот на образованието и се развива паралелно со класичната настава. Ставот на научниците е за десет години образованието на далечина во развиените земји ќе стане по доминантен од класичната настава, затоа што ќе биде попопуларен кај студентите и дека ќе биде масовно применуван. Меѓутоа, и нашите студенти да бидат дел од образованието во развиените земји или да учествуваат во образованието на далечина треба да се искористат можностите на компјутерите, а со тоа и на образовните компјутерските софтери и интернетот во наставата или како што се именува, информациско комунијациската технологија (ИКТ) не е доволно да постои само интерес, туку и знаење за нивните можности и начините на кои тие можат да се искористат. Бидејќи интернетот е еден од реалните можности да се индивидуализира и конкретно да се реализира наставата, а со тоа да се задоволат потребите, интересите, можностите и способностите на секој поединец па и на научниците и нивното темпо на напредување и стилови на учење, кои се неопходни за живот и работа во 21-век. Едукацијата не преставува само доставување елекронски материјал за учење, туку и начин учениците, наставниците и менаџерите да ги добијат неопходните знаења и вештини.

## Предности и недостатоци од воведувањето на ИКТ во образованието

Интензивниот и брзиот развој на информациско-компјутерските технологии (ИКТ) доведуваат до омасување и неминовност на нивната употреба, диверзитет во нивното користење, спремност на постојана и брза иновација како и спремност за навремена и адекватна реакција и промена на општествата [14]. Интензивниот и брзиот развој на информациско-компјутерските технологии (ИКТ) доведуваат до воведување и примена на нови концепти во образованието познати како Настава на 21 век, Учење на 21 век и вештини на 21 век. Во Р. Македонија интензивно се разви компјутеризацијата и дигитализацијата на образованието, послем 2002год. кога за прв пат е добиена кинеската донација која овозможи одреден степен на осамостување на ИКТ во училиштата. Оваа донација ги потикна државните институции да започнат со изготвување на национални образовни политики и статегии кои ќе водат кон ефективна и иновативна употреба на ИКТ во образовниот систем, самиот проек го нарекоа Копјутер за секое дете. Како резултат на тоа, во 2005 година од страна на соодветните институции и работни групи на експерти беа подговени и започнаа да ја реализираат Националната програма за развој на образованието (2005-2015), Национална политика за информатичко општество и Национална стратегија за развој на информатичкото општество кое делумно или целосно го опфатија процесот на компјутеризација и дигитализација. Иако започнатите промени од 2002 год. и изготвените национални политики и стратегии за модернизација на образованието преставуваат значајна иницијатива на образовните промени и развој, досега не е продуциран целосен и јавен национален извештај, евалуација или студија кои ќе сведочат за ефектот на споведената стадегија за компјутеризираното образование.

14. Mandic , P., Mandic, D. (1996), *"Obrazovna informaciona tehnologija"*, Beograd: Uciteljski fakultet

Недостатоци од воведувањето на ИКТ во образованието:

- Недостасува критички однос кон безбедноста и иновативната употреба на ИКТ, слаба потреба од постоење и употреба на дигитални содржини на мајчин јазик;

Денес, многу лесно се користи интрнет компјутерската технологија во наставата, но сепак недостасува дигитална соржина на мајчин јазик. Голем дел од содржините се пишуваат на Англиски јазик. Секако дека наставниците и менаџерите ги користат интернет информациите напишани на Англиски јазик, а во наставата кога ги користат ги преведуваат на Македонски јазик

- Јавноста делумно е информирана за реализација на проектот Компјутер за секое дете и инфомациите најчесто ги добива од медиумите, а многу помалку од официјалните извори на надлежните институции;

За жал се уште во Македонија јавноста највеќе се информира од медиумите, а многу помалку од официјалните извори на надлежните институции. Затоа и за проектот проектот Компјутер за секое дете јавноста највеќе се информираше од медиумите.

- Употребата на ИКТ во наставниот процес сеуште е на самоиницијативна и зависи само од наставникот кои делумно или целосно е необразован да ги користи;

Употребата на ИКТ во нашата земја во наставниот процес за жал сеуште зависи само од наставникот, колку, кога и како наставникот ќе ги применува наставните средства се уште зависи само од наставникот. Секако а тоа пак зависи колку наставникот е обучен за примена на ИКТ во наставата, од возраста на наставникот, (помладите наставници најчесто ја применуваат ИКТ во наставата), од мотивираноста на наставникот и т. н.

- Употребата на ИКТ во склоп на наставата го продолжува традиционалниот модел иако се забележуваат и други видови на настава од кои најчеста е проекната настава;

Во нашиот образовен процес голем дел од наставниците го продолжуваат традиционалниот модел на настава иако се забележуваат и други видови на настава од кои најчеста е проекната настава.

- Френфенцијата на користење на ИКТво училиштата е помала од личната употреба на ИКТво домаќинствата.

Во целиот образовен процес многу помалку се користи интернет компјутерската технологија во наставата, од употреба на интернет компјутерската технологија дома. Тоа значи дека учениците и наставниците многу повеќе дома го користат итнернетот отколку на часовите.

- Различни предмети бележат различна употреба на ИКТ, со што најголема употреба на ИКТ се уште се лоцирани во склоп на наставата по инфомратика;

Во целиот образовен процес најчесто интернет компјутерската технологија се користи во склоп на наставата по инфомратика, а сите други наставни предмети многу помалку ја користат интернет компјутерската технологија.

- Интернетот во склоб на наставата најчесто се користи за добивање на инфомации за наставниот материјал и голем дел од тие информации се користат без да се проверат, преработат или аворизираат;

Голем дел од учениците и наставниците што ги интернет инфомации ги користат без да се проверат, преработат или аворизираат во наставата, едукацијата и во учењето.

- Училиштата бележат мал број на функционални веб сајтови, кои содржински не ги привлекуваат учениците;

Во нашите училишта најчесто постојат мал број на функционални веб сајтови, кои учениците не ги користат затоа што содржински не ги привлекуваат.

Меѓутоа покрај споменатите недостатоци од воведување и примена на ИКТ во образованието во Р. Македонија постојат и многубројни предности.

Предности од воведувањето на ИКТ во образованието:

- Целосна компјутеризација на целиот образовен систем со сите негови подсистеми.

Во целиот воспитно-образовен систем настана целосна компјутеризација, со што се овозможи на учениците уште од најрана возраст да се запознаат со компјутерот и неговот значење не само во учењето туку и во животот.

- Основан Универзитет за информатичка технологија кои се состои од седум факултети и два института и тоа: Факултет за компјутерски науки и инжинерство, Факултет за мрежни и комуникациски технологии, Факултет за технологии на информатичкото општество, Факултет за медиумски технологии, Факултет за информациски системи и сервиси, Факултет за биомединцинско инженество, Факутет за роботика, Институт за применета наука и технологија и Институт за базични вештини[15];

Се овозможи на матурантите (оние што сакат да студират на техничките факултети) да изберат што точно сакат да учат, а со тоа им се овозможи да го имаат истиот избор како што го имаат изборот нивните пријатели од целиот свет.

- Целосен пристап до образовните содржини и информации што се наоѓаат на глобалната интернет мрежа;

Денес, не само учениците туку и наставниците и менаџерите имаат целосен пристап до образовните содржини и информации што се наоѓаат на глобалната интернет мрежа, а ќе им овозможат побрзо и подобро едуцирање.

15. http:// vlada.mk/proekti/kompjuter za sekoe dete, пристапено на 10.10. 2014 год.

- Зголемување на степенот на користење на компјутери и интернет со што ќе се подобрат информатичко-технолошките вештини на учениците, наставниците и менаџерите;

Колку почесто се користат компјутери и интернет толку повеќе се зголемува степенот на знаење со со што ќе се подобра информатичко-технолошките вештини не само на учениците туку и на наставниците и на нивните менаџери.

- Зголемување на квалитетот на кадарот која со својата научна и сручна дејност ќе допринесе во подобрување на квалитетот на образованието, но и подобрување на квалитетот на живеењето;

Со воведувањето на компјутерот и интернетот во наставата се овозможи и зголемување на квалитетот на кадарот која со својата научна и сручна дејност ќе допринесат во подобрување на квалитетот на образованието, но и подобрување на квалитетот на работата и на живеењето.

- Зголемено присуство од страна на наставиците и менаџерите на семинари, дебати и дискусии кои се одвиваат преку интернет.

Со воведувањето на компјутерот и интернетот во наставата наставиците и менаџерите се повеќе и почесто присуствуваа на семинари, дебати и дискусии кои се одвиваат не само во нашата земја туку и пошироко и тоа преку интернет.

- Зголемено комуницирање на наставиците и менаџерите со колеги од целиот свет и др.

Со воведувањето на компјутерот и интернетот во наставата наставиците и менаџерите се повеќе и почесто комуницираат и разменуваат искуства со своите колеги не само од нашата земја туку и пошироко.

# II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. Предмет на истражување

***Менаџирање на наставниот процес*** Бидејќи на воспитно-образовниот систем, во улоги на пазарна економија, му е неопходен современ менаџмент, повеќе од јасно е дека оваа област има огромна потреба и од ефективен и ефикасен водач кој успешно ќе умее да ги воведе современите форми на работење, но и на управување и раководење. Имено, кога говориме за современо образование меѓу другото говориме за современ менаџмен. Затоа постојано ни се наметнуваат прашањата: Што всушност преставува современиот менаџер? Зошто велиме дека современиот менаџер е професија која бара да ја извршуваат професионалци? Каква одговорност треба да поседува тој? Зошто менаџерите создаваат амбиен и клима за работа? Менаџерот може да го зголеми квалитетот на работата во самата организација, а интернетот да ги прошири знаењата и вештините на самиот менаџер.

***Примена на новите наставни медиуми*** Без сомневање, модернизацијата во образованието преку воведувањето на современата образовна технологија преставува најсигурен извор за модернизација на целиот образовен систем. Всушност се наметнуваат многу прашања и тоа: Дали се подобри квалитетот на образованието со воведување на современита образовна технологија и воопшто со модернизацијата на целиот образовен систем? Како (технички) да се одржува современата образовна технологија? Дали со отварањето на новиот универзитет ќе се произедуваат едуцирани лица шти ќе можат да одговарат на новите барања на 21 век? Дали компјутерот и интернетот ќе го подобрат квалитетот на образованието?

Интернетот може многу да придонесе за подобрување на квалитетот на наставата, а менаџерот да го подобри кариерниот развој на секој вработен во училиштето.

Имено, на овие и на многу други прашања кои се поврзани со, современиот менаџмент и модернизацијата на образованието преку воведување на образовани

менаџери и современа образовна технологија многу истакнати педагози, едукатори, психолози и други стручни лица од оваа област се обидувале и сеуште се обидуваат да дадат одговор, меѓутоа нивите донесени заклучоци и размислувања по овие прашања се поделени и разновидни, па дури понекогаш и кондадикторни. Секако и родителите даваат свое мислење за современиот менаџер, обрзовната техологија, но начесто тие говорат за воведувањето на интернетот во образованието и начинот на неговата употреба во образовниот процес.

Предмет на ова истражување е да се утврди придонесот на современите менаџери со примена на интернетот во наставата, односно придонесот на современите менаџери со модерните наставни срдества. За таа цел потребно е да се согледат аспектите кои го детерминираат современиот менаџмент и примената на новите наставни медиуми.

Предмет на ова истражување е од сложена природа и опфаќа низа процеси и појави кои се одвиваат во сите подсистеми на образовниот систем, како и релацијата на менаџерот-наставникот со современата образовна технологијаи стручниот кадар во реализација со нивната обученост, но и умешноста за успешната работа со новата современа образовна технологија.

## 2. Цел и карактер на истражувањето

Денес образовниот систем се соочува со многу проблеми, причините поради кои овие проблеми се појавуваат се различни, всушност главна причина останува неможноста на традиционалното образование да се адаптира на новиот тип. Македонското образование веќе извесен период се обидува да се адаптира на современото образование меѓутоа голем дел помина неуспешно поради фактот што наставниот кадар не беше во состојба да се адаптира и да ги прифати новите методи и технологии. Недовербата на постарата генерација на наставен кадар кон новите технологии е главата причина. За надминување на овој проблем и други проблеми постојат многу начини и методи. Според изнесетото, може да се препостави и целта на истражувањето. Имено, целта на ова истражување е да се утврди улогата на современите менаџери во модерните наставни средства.

Што се однесува до каратерот на истражувањето слободно може да се каже дека истражувањето ќе биде квалитативно, насочено кон истражување на актуелни проблеми во педагошкаа теорија и практика. За време на истражувањето ќе се користи теоретска разработка на предметот на истражување, како и компарација на неколку училишта, со помош на личното искуство во образовниот процес, се со цел да се извлече веродостоен заклучок во врска со предметот на истражување.
Преку истражувањето ќе се утврдат ставовите за развој на современите менаџери како и придонесот од користење на интернетот во наставниот процес.

## 3. Задачи на истражувањето

Целта на истражувањето е карактеризирана низ следниве задачи:

- Да се испитаат ставовите на наставниците за лидерските, карактеристики на директорот.
- Да се испитаат ставовите на наставниците каков треба да биде денешниот менаџер и колку тој е иницијатор за користење на новите наставни средства во наставата.
- Да се испитаат ставовите на менаџерите околу развојот и користењето на новите наставните сдрества во наставниот процес.
- Да се испитаат ставовите на директорите-менаџерите каков треба да биде современиот менаџмент.
- Да се испитаат ставовите на директорите-менаџерите за нивната улога во училиштата.
- Да се испита клалитетот на образованието на учениците пред и послем воведувањето на современата образовна технологија.
- Да се утврди разликата од воведување на современата образовна технологија во руралните и градските средини.
- Да се утврди во колкава мера училиштата имаат потреба од воведување на современата образовна технологија.

## 4. Хипотези

Хипотезата е подршка на носителите на секој научен развој. Формата на оваа вест може да биде разновидна. Формулирањето на хипотеза има важно стратешко значење за успехот на секое истражување, така и за ова. Таа главно е фокусирана на идното истражување и истата е строго поврзана со целта и задачите на истражувањето. Нејзиното докажување или отфрлање, односно нејзината индентификација ќе се изврши ако строго се почитува дефинираната цел и одговара на нејзините задачи. Хипотезата преставува еден вид на очекувано, но сепак, не потврдено решение кое се однесува на истражувачкиот проблем.

Поаѓајќи од предметот и целта на истражувањето ги поставивме следните хипотези:

- Наставниците позитивно ги оценуваат лидерските карактеристики на директорот.

- Кај наставниците доминираат позитивни ставови во однос на тоа каков треба да биде денешниот менаџер во училиштата.

- Кај директорите доминираат позитивни ставови во однос на развојот и користењето на новите наставните средства во наставниот процес.

- Кај директорите доминираат позитивни ставови во однос на тоа каков треба да биде денешниот менаџер.

- Директорите сметаат дека високо допринесуваат за развојот на нивните училишта.

## 5. Варијабли на истражувањето

Варијабла е секоја појава која што варира попримајќи различни вредности, категории или квалитети за различни опсервации. Бидејќи мерењата во истражувањата се многу прецизни и контролирани се користат варијаблите. Варијаблата може да биде независна и зависна. Независната варијабла е факторот што се менува . Во истражувањето независна варијабла е современо менаџирањето на наставниот процес во училиштата. Тоа е полот на испитаниците, нивното работно искуство како и кариерниот развој на вработените. Зависна варијабла е последица на дејството на независна варијабла. Во истражувањето зависна варијабла е примената на интернетот во наставата.

## 6. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Во овој чекор ќе се опише методите, техниките и инструментите на собирање податоци во истражувањето. Описот на истражувачкиот дизајн опфаќа краток осврат на чекорите на истражување кои се составен дел на она што следи. Од методите, на ова истражување се користи методот на анализа, дескриптивниот метод со сите свои модалитети, што значи ќе се врши анализирање на состојбата, компарирање и генерализирање. Согласност поставените задачи применета е техниката на анкетирање, но ќе го дадат својот одговор на скала од Ликертов тип со четири степени. Инструментите наменети се за директорите и наставниците од основните и средни училишта. Со помош на податоците од инструментите ќе утврдиме какви се ставовите и мислењата на наставниците и директорите за менаџирање на наставниот процес со примена на интернетот во наставата.

Во согласност со поставените задачи, ќе бидат применети следните истражувачки техники:

1. Анкета наменета за наставниците
2. Анкета наменета за директорите-менаџерите.

Анкетирањето во истражувањето ќе биде спроведено преку доставување на Анкетен прашалник до сите наставници, но внимавајќи при тоа, да бидат опфатени наставниците од градските и руралните средини каде се наоѓаат училиштата.

1. Анкетата наменета за наставниците се состои од два дела:
   А) Демогратски податоци за вработените

   Б) Податоци кои се однесуваат на менаџирањето на наставниот процес и примената на интернетот во наставата

Демогратски податоци за вработените содржат 4 прашања. Податоци кои се однесуваат на менаџирањето на наставниот процес и примената на интернетот во наставата содржат 22 прашања, прашањата се поврзани од темата од кои се очекува да се добијат резултати преку кои ќе се утврди улогата на современиот менаџер и влијанието на современата образовна технологија во наставата.

2. Анкета наменета за директорите-менаџерите се сдржи два дела:

   А) Демогратски податоци за вработените

   Б) Податоци кои се однесуваат на менаџирањето на наставниот процес и примената на интернетот во наставата

Демогратски податоци за вработените содржат 4 прашања. Податоци кои се однесуваат на менаџирањето на наставниот процес и примената на интернетот во наставата содржат 15 прашања, со прашања поврзани од темата од кои ќе се очекува да се добијат резултати преку кои ќе се утврди улогата на современиот менаџер и влијанието на современа образовна технологија во наставата.

## 7. Популација и примерок

Популацијата всушност преставува вкупниот број на единици на анализа вклучени во истражувањето додека пак примерокот преставува извадок или точен број на единици на анализа вклучени во истражувањето. Примерокот може да биде целосен, систематски, стратификуван или случаен, во зависност од поврзаностите во теоретскиот модел и неговата временска и пространа рамка на истражување. Во проектот на истражување ќе бидат опфатени училишта од граски и рурарни средини.

- Примерокот на истражување е случајно, по пат на случаен избор се изберени пет училишта од источниот дел на Македонија.
- Примерокот на наставници и директори е случаен, се опфатени 70наставници додека примерокот на директори е 30.

Примерокот во истражување е случаен и опфаќа вкупно 70 наставници и тоа:

Од СОУ ,,Ѓорче Петров" Крива Паланка се опфатени 16 наставници;

Од ООУ,,Илинден" Крива Паланка се опфатени 20 наставници;

Од ООУ,,Јоаким Крчовски" Крива Паланка се опфатени 16 наставници;

Од ООУ,,Христијан Тодоровски-Карпош" Ранковце, Крива Паланка се опфатени 13 наставници;

Од ООУ,,Крсте Мисирков" Куманово се опфатени 5 наставници;

**Табела бр. 1**

| Училиште | ф | % |
|---|---|---|
| СОУ ,,Ѓорче Петров" | 16 | 23 |
| ООУ,,Илинден" | 20 | 28 |
| ООУ,,Јоаким Крчовски" | 16 | 23 |
| ООУ,,Христијан Т. Карпош" | 13 | 19 |
| ООУ,,Крсте Мисирков" | 5 | 7 |
| Вкупно | 70 | 100% |

Примерокот на вработените во училиштата ќе го сочинуваат вработени од различен пол, различна возраст и различна верска припадност.

## 8. Обработка на податоците

Добиените податоци од ова истражување ќе бидат прикажани на два начини и тоа:

- ✓ Табеларно прикажување
- ✓ Графичко прикажување (со диаграми)

Анализата на добиените податоци ќе биде изведена на квалитативен и клантитативен начин.

Квалитативната обработка на податоци ќе биде спроведена со давање на свое мислење и коментар за истите.

## 9. Организација и тек на истражувањето

Организацијата и текот на истражувањето ќе се одвива според следниот распоред:

- ✓ Истражувањето започнува во согласност со четири основни и едно средно училиште од источниот регион
- ✓ Се собираат податоците од анкетните листови
- ✓ Податоците од анкетните листови се обработуваа, анализираа и интерпретираа.
- ✓ Донесување на заклучок врз основа на резултатите
- ✓ Пишување објавување на извештајот за истражувањето

## Анализа и интерпетација на резултатите

Истражувањето започнува да се реализира во согласност со четири основни и едно средно училиште од источниот регион. Тое е реализирано во Април и Мај 2015година. Како инструмент во истражувањето користев комплексен прашалник со збир на скали за процена на ставови, со отворен и затворен тип на прашања. Со анкетниот прашалник добивме податоци за ставовите на наставниците и директорите во однос на улогата на современиот менаџер и модернизацијата на училиштата, односно воведување на современите наставни медиуми во училиштата и примената на интернетот во наставата.

Примерокот во истражување е случаен и опфаќа вкупно 70 наставници и тоа:

- Од СОУ ,,Ѓорче Петров" Крива Паланка се опфатени 16 наставници;
- Од ООУ,,Илинден" Крива Паланка се опфатени 20 наставници;
- Од ООУ,,Јоаким Крчовски" Крива Паланка се опфатени 16 наставници;
- Од ООУ,,Христијан Тодоровски-Карпош" Ранковце, Крива Паланка се опфатени 13 наставници;
- Од ООУ,,Крсте Мисирков" Куманово се опфатени 5 наставници;

  Како инструмент во истражувањето користев комплексен прашалник со збир на скали за процена на ставови, со отворен и затворен тип на прашања.

Табела бр. 1: Табеларен приказ на примерок на анкетирани наставници

| Училиште | ф | % |
|---|---|---|
| СОУ „Ѓорче Петров“ | 16 | 23 |
| ООУ„Илинден“ | 20 | 28 |
| ООУ„Јоаким Крчовски“ | 16 | 23 |
| ООУ„Христијан Т. Карпош“ | 13 | 19 |
| ООУ„Крсте Мисирков“ | 5 | 7 |
| Вкупно | 70 | 100% |

Табела бр. 1: Графички приказ на примерок на анкетирани наставници



## Првин се обработуваат ставовите на наставниците

На првото прашање: *Според вас каков треба да биде денешниот менаџер?*, наставниците ги искажаа своите ставови и размислувања, при што се добиени следните податоци и прикажани во табела 2

**Табела 2**

| | Ставовите на наставниците | Скала на процена на оценката (од 1 до 5 ) |
|---|---|---|
| 1 | Да е отворен за соработка | 4.75 |
| 2 | Да работи тимски | 4.37 |
| 3 | Да даде секому можност за напредување | 4.44 |
| 4 | Да е организатор на работата | 4.77 |
| 5 | Да е самостоен и иницијативен | 4.37 |
| 6 | Да е флексибилен | 4.08 |
| 7 | Да е добар слушач | 4.49 |
| 8 | Да ги почитува вработените | 4.82 |

Од одговите на наставниците и добиените резултати во табела 2 во однос на првото прашање *Според вас каков треба да биде денешниот менаџер?* се гледа највисока оценка односно највисока аритметичка средина е 4.82 за прашањето *менаџерот да ги почитуваат вработените* и *менаџерот е одганизатор на работата.* Сега

се поставува прашањето дали современите менаџери доволно ги почитуват вработените и дали секогаш тие се добри организатори на работата. Дали навистина тој е добар мотиватор и е доволно флексибилен во работата. Понатаму во табелата гледаме аритметична средина од 4.75 е за тврдењето *да е отворен за соработка* и 4.49 аритметична средина за *да е добар слушач* што кажува дека треба постојано да соработува со сите институции од струката и навистина треба да му даде секому можност да бидеислушан без разлика дали станува збор за помлад наставник ли наставник-ментор.

На второто прашање: *Дали вашиот менаџер ги поседува сите карактеристики за современ менаџер во вашето училиште?* испитаниците ги искажаа своите ставови и размислувања, при што се добиени следните податоци и прикажани во табела 3:

**Табела 3**

| | Ставовите на испитаниците | Скала на процена на оценката (од 1 до 5 ) |
|---|---|---|
| 1 | Да биде сестрано образован | 4.28 |
| 2 | Да биде оспособен за преземање деловен ризик | 4.77 |
| 3 | Да ја познават воспитно-образовната и истражувачката технологија | 4.44 |
| 4 | Да поседува смисла за мотивирање на вработените | 4.50 |
| 5 | Да можат да управуват и раководат | 4.37 |

Од одговите на наставниците и добиените резултати во табела 3 во однос на првото прашање: *Дали вашиот менаџер ги поседува сите карактеристики за современ*

*менаџер во вашето училиште?* се гледа дека највисока оценка односно највисока аритметичка средина е 4.77 за прашањето *да биде оспособен за преземање деловен ризик*? Сега се поставува прашањето дали современиот менаџер доволно е оспособен за преземање на деловен ризик. Дали навистина тој е способен за да ги поднесе и да ги поправи последиците од неуспехот за презематиот деловен ризик. Понатаму во табелата гледаме аритметична средина од 4.50 е за тврдењето да поседува смисла за мотивирање на вработените и 4.44 аритметична средина за *да ја познават воспитно-образовната и истражувачката технологија* што кажува дека треба постојано да соработува со сите вработини од струката и истите постојано да ги мотивира и навистина треба многу добро да ги познава законите, нормите и правилата на целиот воспитно- образовен, научно-истажувачки и едукативен систем.

Графикон 4: *Дали вашиот менаџер има секогаш изразено чуство на битност и ургетност?* испитаниците ги искажаа своите ставови и размислувања, при што се добиени следните податоци и прикажани во графикон 4

**Графикон 4**



Наставниците се согласуваат дека менаџерот треба секогаш да има изразено чуство на битност и ургетност, иако наставниците се од различни училишта. Графиконот за ова тврдење е следен: Во Ѓорче Петров наставниците велат нивниот менаџер секогаш: 78%, понекогаш 17% и никогаш: 5% имал чуство на битност и ургетност; Наставниците во Јоаким Крчовски велат нивниот менаџер секогаш: 75%, понекогаш: 18% и никогаш: 7%; Додека пак во Илинден секогаш: 82%, понекогаш: 25% и никогаш: 3%. За менаџерите во Христијан Тодоровски Карпош наставниците велат секогаш: 65%, понекогаш: 20% и никогаш: 15%; и за Крсте Мисирков мислењето од наставниците за нивиот менаџер е следен: секогаш: 76%, понекогаш: 14% и никогаш: 10%;. Секако од ова заклучуваме дека наставниците бараат менаџерот секогаш поседува чуство за битност и ургентност за да постојано наредува нивното училиште.

Следното прашање е прикажано на графикон 5 *Дали вашиот менаџер ги креира, промовира и реализира промените во училиштето?*

**Графикон 5**




Наставниците се согласуваат дека менаџерот ги креира, промовира и реализира промените во училиштето,иако наставниците се од различни училишта. Дури 78% дале

позитивен одговор за нивниот менаџер, само 17% мислат дека тоа не е така, сепак се работи за повозрасни наставници и наставници кои што работат во руралните средини и 5% воопшто не дале одговор на ова прашање затоа што се работи за наставници-волонтери, односно млади наставници кои што сега започнале да работат.

Петото прашање е прикажано на табела 6 и се однесува на *Дали вашиот менаџер се справува со сите предизвици и се снаоѓа во непознати и проблем ситуации?*

**Табела 6**

| | Ставовите на испитаниците | Скала на процена на оценката (од 1 до 5 ) |
|---|---|---|
| 1 | Ѓорче Петров | 4.20 |
| 2 | Јоаким Крчовски | 4.60 |
| 3 | Илинден | 4.78 |
| 4 | Христијан Тодоровски Карпош | 4.30 |
| 5 | Крсте Мисирков | 4.75 |

Секако од табела 6 можеме да заклучуваме дека наставниците се согласуваат дека менаџерот се справува со сите предизвици и добро се снаоѓа во сите непознати и проблем ситуации. Аритметична средина за ова тврдење е следна: Ѓорче Петров 4.20; Јоаким Крчовски 4.60; Илинден 4.78; Христијан Тодоровски Карпош 4.30 и за Крсте Мисирков 4.75.

Следното прашање е прикажано на табела 7 и е наменето за наставниците и гласи *Според вас колку вашите менаџери се способни да ја реализираат мисијата на училиштето?*

**Табела 7**

| | Ставовите на испитаниците | Скала на процена на оценката (од 1 до 5 ) |
|---|---|---|
| 1 | Да, способен е нашиот менаџер да ја реализира мисијата на нашето училиште | 4.60 |
| 2 | Можеби, е способен нашиот менаџер да ја реализира мисијата на нашето училиште | 2.80 |
| 3 | Не не е спососбен нашиот менаџер да ја реализира мисијата на нашето училиште | 1.20 |

Наставниците се согласуваат дека менаџерот треба да биде способен да ја реализира мисијата на нивното училиште, иако наставниците се од различни училишта. Аритметична средина за ова тврдење е следна: позитивен одговор е 4.60; можеби како одговор дале со аритметичка средина 2.80; додека пак негативен одговор или воопшто не одговориле наставниците со аритметичка средина 1.20; Секако од ова заклучуваме дека наставниците бараат менаџерот да биде способен да ја реализира мисијата на училиштето за да постојано наредува училиштето.

Понатака следува прашање што е прикажано на табела 8 и се однесува на тоа: *Дали вашиот менаџер ги поседува сите менаџерски функции и тоа: планирање, организирање, раководење, одлучување и мотивирање.*

**Табела 8**

| Ставовите на наставниците | Процентуално изразување |
|---|---|
| Менаџерот ги поседува сите менаџерски функции | 78% |
| Менаџерот не ги поседува сите менаџерски функции | 22% |
| Вкупно | 100% |

Од одговорите на наставниците се гледа дека менаџерите ги поседуваат сите менаџерски функции како што се планирање, организирање, раководење, одлучување, ослучување и мотивирање односно менаџерите многи ги користат менаџерските функции во секодневното работење. Наставниците кои што дале негативен одговор или воопшто што не одговориле се претежно возрасни наставници што не се согласуваат со работата на современиот менаџмент, односно со работата на современото образование.

Седмото прашање се однесува на _Дали во вашето училиште менаџерот зборува и се консултира со соработниците и со вработените за различни прашања сврзани со работата?_ и е прикажано на графикон 9:

**Графикон 9**



Од одговорите на наставниците се гледа дека менаџерите дури 65% од сите испитани наставници позитивно одговориле на ова прашање, 23% одговориме со можеби, односно не биле сигурни потполно ни во позитивниот ни во негативниот одговор, а само 12% негативно одговориле на ова прашање.

Следното прашање се однесува на *Дали во вашето училиште менаџерот определува награди и признанија за извршената работа?* и е прикажано на табела 10.

**Табела 10**

| | Ставовите на испитаниците | Скала на процена на оценката (од 1 до 5 ) |
|---|---|---|
| 1 | Ѓорче Петров | 4.63 |
| 2 | Јоаким Крчовски | 4.90 |
| 3 | Илинден | 4.58 |
| 4 | Христијан Тодоровски Карпош | 4.48 |
| 5 | Крсте Мисирков | 4.74 |

Наставниците се согласуваат дека менаџерот треба да определува награди и признанија за извршената работата, иако наставниците се од различни училишта. Аритметична средина за ова тврдење е следна: Ѓорче Петров 4.63; Јоаким Крчовски 4.90; Илинден 4.58; Христијан Тодоровски Карпош 4.48 и за Крсте Мисирков 4.74. Секако од ова заклучуваме дека наставниците бараат менаџерот да доделува награди и признанија за да бидат наставниците постојано мотивирани за поуспешна работа, а со успехот на наставниците доаѓа и до успех на нивното училиште.

Следното прашање се однесува на Колку менаџерот треба да е добар организатор на работата? ставовите на испитаниците во однос на ова тврдење е прикажано на табела 11:

**Табела 11**

| | Ставовите на испитаниците | Скала на процена на оценката (од 1 до 5 ) |
|---|---|---|
| 1 | Ѓорче Петров | 4.20 |
| 2 | Јоаким Крчовски | 4.60 |
| 3 | Илинден | 4.78 |
| 4 | Христијан Тодоровски Карпош | 4.30 |
| 5 | Крсте Мисирков | 4.75 |

Наставниците се согласуваат дека менаџерот треба да биде добар организатор на работата, иако наставниците се од различни училишта. Аритметична средина за ова тврдење е следна: Ѓорче Петров 4.20; Јоаким Крчовски 4.60; Илинден 4.78; Христијан Тодоровски Карпош 4.30 и за Крсте Мисирков 4.75. Секако од ова заклучуваме дека наставниците бараат менаџерот да е добар организатор за да постојано наредува училиштето.

Следното прашање се однесува на *Колку вашиот менаџер ја преставува институцијата во земјата и пошироко?* ставот е прикажан во табела 12

Табела 12

| Ставовите на испитаниците | Скала на процена на оценката (од 1 до 5 ) |
|---|---|
| Ѓорче Петров | 4.50 |
| Јоаким Крчовски | 4.15 |
| Илинден | 3.78 |
| Христијан Тодоровски Карпош | 2.30 |
| Крсте Мисирков | 4.75 |

Наставниците се согласуваат дека менаџерот треба да ја преставува институцијата во земјата и во светот, иако наставниците се од различни училишта. Аритметична средина за ова тврдење е следна: Ѓорче Петров 4.50; Јоаким Крчовски 4.15; Илинден 3.78; Христијан Тодоровски Карпош 2.30 и за Крсте Мисирков 4.75. Секако од ова заклучуваме дека наставниците бараат менаџерот да постојано да ја преставува инситуцијата, највисоки оценки со аритметична средина 4.50 има менаџерот кој што работи во средното општинско училиште Ѓорче Петров во Крива Паланка, најниска оценка со аритметична средина 2.30 има менаџерот кој што работи општинското основно училиште во општина Ранковце, Крива Паланка.

Понатака следува прашање што се однесува на тоа: *Дали сте задоволни од воведување на современата образовна технологија* ставот е прикажан во графикон 13:

**Графикон 13**




Од одговорите на наставниците во графиконот се гледа дека наставниците многу се задоволни од воведувањето на современата образовна технологија, односно дури 70% од испитаниците одговориле дека се задоволни, незадоволни од воведувањето на современата образовна технологија биле 15% и исто толку одговориле со незнам. Од графиконот се забележува дека повеќе од 3/4 од наставниците што биле испитани се задоволни од воведувањето на современата образовна технологија во училиштето во кое работат.

Следното прашање се однесува на тоа: *Дали очекувавте со тоа да се зголеми успехот и квалитетот на наставата во вашето училиште* ставот е прикажан во графикон 14:

**Графикон 14**




На ова прашање иститаниците очекуваат да се зголеми успехот и квалитетот на наставата во нивното училиште во кои се употребува современата наставна технологија, дури 73% се согласуваат со овој став, 8% се изјасниле дека не очекуваат, сепак тоа биле повозрасни наставници што се уште не се вклучени во воспитно-образовниот процес, а 19% од нив воопшто не дале одговор на ова прашање.

Потоа следува прашање *Што мислите кои од наставните медиуми ги користи вашиот менаџер?* ставот е прикажан во графикон 15

**Графикон 15**




Секако на ова прашање сите наставници одговориле со 100% дека нивниот менаџер ги користи компјутерот и интернетот во секојдневното работење, но ги користи и другите наставни медиуми и тоа:

На ова прашање иститаниците одговориле дури 75% дека нивниот менаџер најчесто користи само компјутер и интернет да се зголеми успехот и квалитетот на наставата во нивното училиште, 10% се изјасниле дека нивниот менаџер покрај компјутер и интернет ги кориси и аудио-визуелни наставни медиуми во воспитно-образовниот процес, а 8% од нив мислат дека освен компјутер и интернет ги користи и визуелните наставни медиуми, но 7% мислат дека нивниот менаџер ги користи и аудотивните наставни медиуми.

Следното прашање се однесува на тоа: *Колку вашиот менаџер ги користи интернет информациите?* ставот е прикажан во табела 16:

**Табела 16**

| | Ставовите на наставниците | Процентуално изразување |
|---|---|---|
| 1 | Многу ги користи | 76% |
| 2 | Малку ги користи | 24% |
| 3 | Воопшто не ги користи | 0% |
| 4 | Вкупно | 100% |

Од одговорите на наставниците се гледа дека менаџерите многу ги користат интернет информациите, односно менаџерите многи ги користат интернетот во секодневното работење.

Следното прашање се однесува на тоа: *Дали во вашето училиште менаџерот спроведува доволен број на програми за обука, кои се однесуваат за стручното оспособување и за правилното користење на современата образовна технологија* ставот е прикажан во графикон 17:

Графикон 17




Ставот на наставниците во врска со ова прашање дали во училиштата во кои што работат менаџерите спровеле доволен број на програми за обука, кои се однесуваат за стручното оспособување и за правилното користење на современата образовна технологија мислењата се сосема спотивни. Од сите испитаници 43% се согласиле со тоа, 40% велат дека не се споведени доволен број на обуки и 17% одговориле со незнам. Наставниците кои што одговориле со не се споведени доволен број на обуки претежно работат во рурални средини каде што се доцни со воведувањето на современата наставна технологија или пак споведувањето се одвива во етапи, па зато има помал број на споведени обуки. Сепак нивниот став е дека иако имаат помал број на обуки, сепак се снаоѓаат со работењето со современите наставни медиуми. Овие испитаници сметаат дека за нив би било доволно да ги имаат програмите за работа во пишана форма и, како што велат сами ќе научат за што станува збор.

